ООУ „Ванчо Прке“ - Штип

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА 2015-2017



Директор:

**Весна Ничева**

Штип, јуни / 2017

# СТРУКТУРА НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## Комисија за самоевалуација:

1. Милева Олгица - педагог
2. Вилма Ничева - психолог
3. Љубинка Ѓурова -наставник
4. Васка Дербова -наставник
5. Анета Едровска -родител

**Работните групи ги сочинуваа следните наставници:**

| Тим | Подрачје | Име и презиме |
|---|---|---|
| I | Организација на реализација на наставата и учењето | 1.Дивна Малинова<br>2.Розита Димова<br>3.Елеонора Стојчевска<br>4. Маја Арсова |
| II | Постигање на учениците | 1.Елизабета Огњанова<br>2.Татјана Лазарова<br>3.Филимена Гулиќ |
| III | Професионален развој на наставниците,стручната служба и раководниот кадар | 1.Дурдубакова Јасминка<br>2.Донева Силвана<br>3.Ана Накова |
| IV | Управување и раководење | 1.Роза Манева<br>2.Иван Ѓеорѓиев<br>3.Адријана Иванова |
| V | Комуникација и односи со јавноста | 1.Марица Рунтева<br>2.Фроса Атанасова<br>3.Ана Стоилова |
| VI | Училишна клима и култура | 1.Блага Димовска<br>2.Витанова Емица<br>3.Ели Трајчева |
| VII | Соработка со родителите и локалната средина | 1.Евдокија Коцева<br>2.Маре Симонова<br>3.Загорка Донска |

## Време на спроведување на самоевалуацијата

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години (2015 г.-2017г.) согласно Законот за основно образование.

## Содржина на самоевалуацијата

**Вовед (важноста и значењето на самоевалуацијата)..........................................**

**Лична карта** (**до една страна**)..........................................................................

**Идентфикувања на училиштето...........................................................................**

**1: Организација на реализацијата на наставата и учењето...............................**

**2: Постигања на учениците. ..............................................................................**

**3: Професионален развој на наставниците,стручна служба и на раководниот кадар . ..........................................................................................**

**4: Управување и раководење...............................................................................**

**5: Комуникација и односи со јавноста.................................................................**

**6: Училишна клима и култура. ..........................................................................**

**7: Соработка со родителите и со Локалната самоуправа . .................................**

# Внатрешна градба на самоевалуација

## Вовед

Самоевалвацијата е основен двигател на наставниот процес во функција на доживотното учење и унапредување на квалитетот на образовните постапки на кадарот во училиштето. Самоевалвацијата е важна бидејќи ги дефинира активностите со цел да изврши поместување на моменталната состојба кон посакуваната цел за подобрување на квалитетот на наставата. Самоевалвацијата е важна бидејки:

- воспоставува подобри основи за навремено планирање и обезбедување на финансиски средства.

- ги развива способностите за поставување на цели и усогласување на ресурсите со можностите.

- ги открива слабите и јаките страни,

- ги идентификува фактори кои влијаат на забавување и стратегии за подобрување на квалитетот во наставата (важноста и значењето на самоевалуацијата).

### Лична карта

Нашето училиште го носи името на Народниот херој и револуционер од Штип **ВАНЧО ПРКЕ - СЕРМЕН (1921-1943),** кој потекнува од родољубиво, ситуирано, занаетчиско семејство. Многу рано ја надминал својата генерација изградувајќи се како револуционер. Гимназија завршил во Штип, а во учебната 1940/41год. тој се запишал на Техничкиот факултет во Белград.

Како студент земал активно учество во студентското напредно движење станувајќи и член на КПЈ. Суштината на неговата работа била пропагирањето на социјалистичката идеологија меѓу штипската работна и школска младина. По негова иницијатива биле извршени повеќе акции од различен карактер и речиси во сите нив директно учествувал во НОБ и станал синоним за борба и револуција.

ООУ „ Ванчо Прке“ – Штип е развиено основно училиште лоцирано во центарот на градот, Училиштето е изградено 1962 година. Училиштето работи како централно училиште со три подрачни училишта во Ново Село, с. Селце и с. Лакавица. Својата основна дејност училиштето ја врши во објект од тврда градба што ги задоволува

основните услови и барања за нормално одвивање на наставата. Училиштето располага со фискултурна сала и нестандирано спортско игралиште за изведување на настава по физичко образование. Училишниот двор е уреден со фонтана, тревни површини и цветни алеи, поставени се клупи за одмор на учениците и вработените. Во ООУ„Ванчо Прке” - Штип се изведува редовна настава за ученици од I до IX одд. во две смени. во склопот на училиштето функционираат и паралелки за деца со пречки во развојот и тоа од I-IX одд. паралелки за деца со лесна попреченост, со умерена попреченост и за деца со аутизам. Поголемиот дел на учениците се од македонска националност, и наставата се одвива на македонски јазик во две смени.

## Важни награди и признанија

Нашето училиште има добиено многу награди и признанија на општинско, регионално и државно ниво- Училиштето има добиено Зелено знаме и е прогласено за ЕКО училиште, второ место за изработка на Веб страна, прво и второ место на натпревар по хемија, прво место за изработка на макета од еко материјали.

## Постигнувањата во наставата

Среден успех (за последните три години - анализа)

| | **Среден успех** |
|---|---|
| 2013/ 2014 | 4,57 |
| 2014/2015 | 4,36 |
| 2015/2016 | 4,32 |
| 2016/2017 | 4.55 |

## Редовност на учениците

| | **Просек на оправдани** | **Просек на неоправдани** |
|---|---|---|
| 2013/2014 | 22,20 | 4,36 |
| 2014/2015 | 27,64 | 3,85 |
| 2015.2016 | 23,66 | 5,18 |
| 2016/2017 | 25.51 | 3.92 |

# Идентфикувања на училиштето

## Какво училиште сме ние ?

Училиштето има своја препознатлива клима и култура која ги потикнува добрите односи помеѓу вработените и учениците и самите ученици меѓу себе и добри врски помеѓу училиштето, семејството и заедницата. Заложбите на училиштето се насочени кон осовременување на наставата. Ставот на нашето училиште е во насока кон активното учење, ги ангажира учениците за активно учење и ги стимулира нивните лични достигнувања и вредности. ООУ„Ванчо Прке“- Штип е вклучено во повеќе проекти и со задоволство приоѓа кон прифаќање. Во соработка со Унивирзитетот „ Гоце Делчев“ –Штип, студентите извршуваат практична настава, каде што голем број наставници се ментори на истите.

## Што правиме да бидеме подобри?

Нашето училиште претставува отворена институција за нови, напредни и современи облици на учење и примена на новите методологии и го стимулира индивидуалниот развој на сите ученици и вработени без разлика на етничката припадност, ја развива свеста и одговорноста на ученикот, ја развива свеста на правата и одговорноста на ученикот.

Се стремиме кон негување на слободата на мислењето и говорот, почитување на ученикот, пред се како личност без разлика на неговата етничка припадност, настава во која се користи современа образовна технологија и методологија и истата да биде применета во корист на остварување на целите на учењето, наставата да биде атрактивна и учениците да го сфатат учењето како сопствена потреба и нужност да гради систем на позитивни вредности, а со тоа ќе ги подготвиме да се оформат како возрасни зрели личности кои ќе придонесат за градење на демократско граѓанско општество.

**Подрачје: 1 Организација на реализацијата на наставата и учењето**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.<br><br>• Нормативни акти на училиштето<br><br>• Педагошка евиденција и документација<br><br>• Записници од родителски совети на училиштето<br><br>• Записници од родителски средби<br><br>• Записници од Наставнички совети на училиштето и активите<br><br>• Годишна програма на училиштето<br><br>• Дневници на паралелките<br><br>• Училишна тетратка со соопштенија<br><br>• Брошури<br><br>• Web страна на училиштето<br><br>• Анкетни листови за стручна служба,<br><br>педагог, психолог, стручен соработник -<br><br>дефектолог, логопед и директор.<br><br>• Анкети со наставници, родители и ученици, совет на родители. | Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН.<br>Врз реализација на Наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава - интерактивно учење, со проектни активности - интерни и екстерни и со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување.<br>Родителите се запознаваат со Наставните планови и програми на првата родителска средба од секоја нова учебна година.<br>Родителите се информирани за распоредот за дополнителна и додатна настава.<br>Училиштето преку Совет на родители и Училишен одбор планира активности за прибирање и разгледување на мислења за наставните планови и програми од наставниците и родителите.<br>Учениците пак, се запознаваат со материјалот преку тематските, неделните планирања и одделенските часови.<br><br>Училиштето има ИОП ( индивидуален образовен план ) за работа со деца со посебни потреби. Постојат примери на соодветно интегрирани содржини со активностите на локалната средина во наставните планирања на наставниците. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (изјава-анкета) на родителите на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група. Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска настава, а во предметна во однос на стандардите во оценувањето кај наставните предмети и тематското процесно планирање.<br><br>Училиштето е вклучено и реализира повеќе проекти кои го прават училиштето поефективно и современо. |

**Индикатор за квалитет:**
**Реализација на наставните планови и програми**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| Во училиштето се реализира додатна настава.<br><br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН (според содржините во учебниците).<br><br>Во наставниот план и програма се застапени содржини и активности за поттикнување на родово етничка рамноправност со цел на негување на мултикултурната сензитивност меѓу учениците.<br><br>Училиштето има ИОП ( индивидуален образовен план ) за работа со деца со посебни потреби.<br><br>Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците за наставните планови и програми.<br><br>Училиштето е вклучено и реализира повеќе проекти. | Овозможување на родителите да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми. За ова прашање од родителите околу 5, 55 % се изјасниле позитивно. негативно се изјасниле околу 64,81 %. а со одговорот делумно се изјасниле околу 27,77 % од родителите.<br><br>Училиштето нема доволно наставни нагледни средства и фискултурна сала за одд. настава во централното училиште и фискултурни сали во подрачните училишта; |

## Резултати од SWOT анализите

Наставниците ги реализираат наставните содржини согласност со донесените програмски документи од МОН. Учениците со наставните планови и програми се запознаваат преку предметните наставници. Изборните предмети се избираат преку наставни ливчиња од анкетите % се изјасниле за предметите коишто ги изучуваат. Изборот го вршат учениците заедно со нивните родители. Наставните планови и програми во голема мера го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици воспитувајќи ги да немаат никакви предрасуди во однос на етничка и родова припадност. Изборот на наставните предмети се според наставните планови и програми донесени од МОН. При изборот на предметите се почитува постапката предвидена според Законот за основно образование. Училиштето нуди повеќе од три

| |
|---|
| изборни предмети, а изборот на предметите го вршат родителите на посебни анкетни ливчиња. |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>Овозможување на родителите да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми. Овозможување на учениците да влијаат врз изборот на содржини кои се реализираат во воннаставните активности. |

## Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

### Самоевалуација на училиштето

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Фотографии<br>• Извештаи<br>• Web страната на училиштето<br>• Стручни активи<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Записници од Активи на наставници<br>• Записници од Наставнички совети<br>• Записници од Одделенски совети<br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br>• Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор. | Наставните планови и програми се во согласност со законските рамки и норми пропишани од МОН, но со цел за подобрување на квалитетот на наставата се превземаат активности за подобрување на истите со цел истите да се доближат до потребите и интересите на учениците и локалната заедница.<br><br>Наставниот план и програма е подложен на промени кои се во интерес на локалната заедница.<br><br>Инаку, постои родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во одредена мерка во Наставните програми и учебните помагала.<br><br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во одреден дел на Наставните програми и наставните помагала, но се добива впечаток дека тоа би требало да биде застапено во поголема мерка.<br>Во училиштето со цел да се промени и подобри учењето во сите предмети од одделенска и предметна настава се применуваат стандардите во оценувањето и водење на електронска документација.<br>Во училиштето постојат и функционираат Активи на одделенска и на предметна настава, кои си имаат своја програма за работа и истата навремено се реализира на состаноци, од кои има уредно водени Записници. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| • Во училиштето се спроведуваат индивидуални програми за работа со децата со посебни образовни потреби.<br>• Наставниците изготвуваат долгорочни, среднорочни и дневни од ИОП.<br>• Наставните планови и програми се спроведуваат во целост според пропишаниот обем од МОН.<br>• Наставниот план и програма нудат можност за интегративен пристап кон содржините | Наставниците не влијаат врз изработката на наставните планови и програми кои се пропишани од страна на МОН и БРО.<br>Наставниците немаат доволно поддршка за да можат да ги подготвуваат и осовременуваат наставните програми.<br>Училиштето ги прилагодува наставните планови и програми на карактеристиките на Локалната средина.<br>За ова прашање наставниците се изјасниле околу 31, 25 %. негативно околу 43. 75 %. а со одговор делумно се изјасниле околу 25 %. дека не влијаат врз изработката на наставните планови и програми. |

## Резултати од SWOT анализите

Наставните планови и програми се во согласност со законските рамки и норми пропишани од МОН, но со цел за подобрување на квалитетот на наставата се превземаат активности за подобрување на истите со цел истите да се доближат до потребите и интересите на учениците и локалната заедница.Наставниот план и програма е подложен на промени кои се во интерес на локалната заедница.Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на машки и женскиученици од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност. Во училиштето со цел да се промени и подобри учењето во сите предмети од одделенска и предметна настава се применуваат стандардите во оценувањето и водење на електронска документација.

### ПРИОРИТЕТИ

Овозможување на наставниците за директно влијание во подготовката и изборот на наставните содржини кои се пропишуваат од страна на МОН и БРО.

**Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето**

**1.3 Воннаставни активности**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Совет на родители и стручни служби во училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Вонаставни активности<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Пофалници<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Благодарници<br>• Дипломи<br>• Признанија<br>• Награди, пехари, медали<br>• Полугодишен и Годишен извештај<br>• Web страна на училиштето | Училиштето планира и во целост ги реализира вонnаставните активности кои се одраз на интересите, умеењата,афинитетите и потребите на учениците.<br>Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во вонnаставни активност. не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби.<br>Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност.<br><br>Придобивките од вонnаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето.<br><br>Преку вонnаставните активности учениците се здобиваат со поголемо знаење и самодоверба. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.3 Вonнаставни активности**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| • Во училиштето се реализираат вonнаставни активности<br>• Вон наставните активности се реализираат според однапред подготвен програма и се одликуваат со индивидуализиран пристап во согласност со способностите, предзнаењата и талентите на учениците.<br>• Воннаставните активности се достапни подеднакво и на машките и на женските ученици. Учениците со различни способности или со посебни потреби се вклучени во реализација на вон-наставните активности.<br>• Учениците стекнуваат поголема самодоверба.<br>• Овие активности континуирано ја негуваат и поддржуваат позитивната социо – емоционална клима во нашето училиште, како и конструктивната тимска и тандемска соработка меѓу учениците. | Воннаставните активности ги оптеретуваат учениците.<br><br>Во училиштето нема соодветен и доволен број на нагледни средства за реализација на воннаставните активности.<br><br>Околу 50,93 % позитивно од учениците се изјасниле дека во училиштето се реализираат воннаставните активности. околу 10,42 % од учениците се изјасниле негативно. Дека воннаставните активности се застапени подеднакво и за машките и женските ученици се изјасниле 79, 65 % позитивно од учениците, 13,44 % негативно и 6,21 % со одговор делумно. |

**Резултати од SWOT анализите**

| Од завршената анализа е забележано дека личниот интерес, можностите и способностите имаат примарно значење во изборот на воннаставната активност во која ќе се вклучи ученикот. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и се трудат да постигнат високи резултати на натпревари од различни области (на општинско, републичко ниво). Учениците преку воннаставните активности придонесуваат за афирмација на училиштето. |
|---|
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>Изнаоѓање начини за вклучување на учениците при изборот на содржини во програмата за воннаставни активности со цел да се зголеми интересот и учеството на учениците во реализација на истите. |

**Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето**

**1.4 Планирања на наставниците**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br><br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.<br><br>• Педагошка евиденција и документација | Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма преку :<br><br>- годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошко – психолошката служба во дигитална и печатена форма;<br><br>- оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот. стручната служба и државниот просветен инспекторат;увид во дневници;<br><br>- посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови ( цели на часот. активности. примена на интерактивни форми и методи. очекувани исходи од учењето. проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час; домашна работа;)<br><br>- консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата;<br><br>- воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на педагог и психолог;<br><br>- воведување во работата на наставниците-почетници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците- почетници. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.4 Планирања на наставниците**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| • Индивидуални планирања на наставниците<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи. примена на ИКТ во наставата<br>• Размена и искуства со други училишта<br>• Учество на наставниците на обуки,работилници и семинари<br>• Наставниците подготвуваат дневно планирање за час. кое ги содржи сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.<br>• Секој актив подготвува годишни и тематски планирања кои на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошко – психолошката служба во дигитална и печатена форма. Стручната служба во текот на учебната година ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата. | Планирањата на наставниците не секогаш се во рамките на можностите и способностите на учениците, особено кај учениците со посебни потреби.<br><br>Дека планирањата на наставниците одговараат на возраста на учениците и нивните индивидуални потреби се изјасниле околу 44,85 %. позитивно од учениците. 30,68 %. негативно. а околу 24,15 % со одговорот делумно. |

## Резултати од SWOT анализите

Во училиштето при планирањето на наставата се дава поддршка при планирањето на наставниците и се разменуваат искуства и информации при планирањето, особено во стручните активи. Се разменуваат искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот. Се разменуваат искуства за примена на интерактивни форми и методи и примена на ИКТ во наставата;

### ПРИОРИТЕТИ

При изготвување на наставните планирања да се земаат во предвид можностите и потребите на учениците. особено можностите и потребите на учениците со посебни потреби.

**Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето**

**1.5 Наставен процес**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
| --- | --- |
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.<br>• Педагошка евиденција и документација | Од извршените анализи е констатирано дека реализацијата на наставата се одвива според НПП.<br>Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата и индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти. Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата ( истражување од страна на учениците. часови подготвени со power point презентации ).<br>Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.<br>Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на часот, наставниците користат ресурси кои ги има училиштето или пак учениците самите ги приспособуваат, набавуваат. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.5 Наставен процес**

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето или се ученици со посебни образовни потреби.<br><br>Стручните лица од училиштето се активно вклучени во наставниот процес на учениците со посебни образовни потреби.<br><br>Во училиштето постои соработката помеѓу наставниците и стручните лица.<br>Постои евидентен напредок кај учениците со посебни образовни потреби од соработката со стручните лица.<br><br>Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците, според различен пол и етничка припадност. | Училиштето има капацитет да ги прилагодува наставните планови и програми по предметите според индивидуалните способности и интереси на учениците со посебни образовни потреби.<br><br>Училиштето не води споредбени прегледи за постигањата на учениците од одржани натпревари. |

## Резултати од SWOT анализите

Од завршената анализа е забележано дека наставниците имаат подеднаков пристап во работата и комуникацијата со сите ученици. Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани со работата на учениците на час и се во соогласност со предвидените цели во наставата. Следењето на наставниот процес се врши континуирано со посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови ( цели на часот, активности. примена на интерактивни форми и методи. очекувани исходи од учењето, проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час; домашна работа). За посетата на часот се води евидентен лист ( кој содржи информации за реализираниот час ), со кој се оценува работата на наставникот за конкретниот час .

Наставниците меѓусебно се информираат за (карактеристични, посебни) планирани часови, се посетуваат и разменуваат искуства. Тоа доведува до поставување корелација меѓу содржините од различни наставни предмети, со што се овозможувастекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. На тој начин се обезбедува поквалитетна настава и поголеми резултати од работењето. Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на часот, наставниците користат ресурси.

### ПРИОРИТЕТИ

Овозможување на услови за непречено следење и реализација на воспитно-образовниот процес за учениците со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава.

## Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето

### 1.6 Искуства на учениците од учењето

### Самоевалуација на училиштето

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.<br>• Педагошка евиденција и документација | Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина. која буди интерес за учење. Учениците се охрабруваат активно да учествуваат во проекти и нивните трудови и презентации се изложуваат на соодветни места во училниците и во училиштето.<br><br>Во училиштето на видно место се поставени проекти пофалници и награди освоени од учениците кои го промовирале училиштето.<br><br>Голем дел околу 81,73 % се изјасниле дека во оваа училиште учениците учат и како квалитетно и културно да комуницираат со другите луѓе.<br><br>Околу 50, 70 % од учениците се изјасниле дека наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло.<br><br>Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми потикнува и мотивира за меѓусебна соработка со други субјекти во училиштето. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.6 Искуства на учениците од учењето**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
| --- | --- |
| • На почетокот од учебната година наставниците ги запознаваат учениците со наставните планови и програми<br>• Наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување<br>• Домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на наставните содржини кои се обработуваат | Наставните содржини не одговараат на возраста и индивидуалните потреби на ученикот и неговото претходно искуство. Особено на учениците со ПОП. |

**Резултати од SWOT анализите**

Во ова училиште учениците добро ги развиват своите вештини на снаоѓање во различни ситуации. Учениците учат и како квалитетно и културно да комуницираат со другите луѓе.

**ПРИОРИТЕТИ**

Овозможување на учениците за влијание во изборот на наставните предмети, со цел да се зголеми интересот на учениците во наставата.

## Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето

### 1.7 Задоволување на потребите на учениците

### Самоевалуација на училиштето

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.<br>• Педагошка евиденција и документација | Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности.<br><br>Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум.<br><br>Наставниците им помагаат на учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот и ги охрабруваат да посетуваат дополнителна настава.<br><br>Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на наставните предмети од кои околу 88, 8 % се изјасниле преку родителските средби. Преку низа активности ( семинари. обуки. советувања ) инволвираните наставници се стекнуваат со способности за создавање услови за исполнување на образовните потреби на учениците. |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**1.7 Задоволување на потребите на учениците** |
|---|

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. како и пречките во процесот на учење на секој ученик и превземаат активности.<br>Наставниците им помагаат на учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот и ги охрабруваат да посетуваат дополнителна настава. | Не се забележани слаби страни. |

**Резултати од SWOT анализите**

| |
|---|
| Во наставата се користат разни техники и методи. за тоа се изјасниле најголем дел од учениците. Излагањето на наставникот и упатствата се јасни за сите ученици. тоа произлегува од доброто познавање на наставниците на своите ученици. Домашните задачи се добро осмислени се надоврзуваат на наставните содржини кои се обработуваат. |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците да се одржуваат почести индивидуални средби со родителите и учениците. |

## Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето

### 1.8 Оценувањето како дел од наставата

### Самоевалуација на училиштето

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br><br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br><br>• Педагошка евиденција и докумен-тација<br><br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.<br><br>• Педагошка евиденција и документација | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на училиштето.<br><br>- Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година;<br><br>- Оценувањето е континуирано. транспарентно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех.<br><br>- Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб страната на БРО.<br><br>Наставниците го користат оценувањето. за да го проценат својот труд во учењето и подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци. со што се согласиле околу 58. 03 % позитивно. 31. 08 % негативно и 11 % со одговорот делумно од учениците. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.8 Оценувањето како дел од наставата**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| Училиштето ги користи законските прописи што го регулираат оценувањето.<br><br>Наставниците ги запознаваат учениците со критериумите на оценување.<br><br>Наставниците го користат оценувањето. за да го го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.<br><br>Оценувањето е континуирано. транспарентно и оценката е образложена на секој ученик. | Поголемо вклучување на учениците во самооценувањето. со цел да го вреднуваат своето знаење и знаењето на своите соученици. |

**Резултати од SWOT анализите**

Училиштето ги користи законските прописи што го регулираат оценувањето. Користи методи и форми на оценување и добива информации од оценувањето во наставата.

Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

**ПРИОРИТЕТИ**

Поголемо вклучување на учениците во самооценувањето. со цел да го вреднуваат своето знаење и знаењето на своите соученици.

**Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето**

**1.9 Севкупна грижа за учениците**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Програмата за работа на директорот<br>• Програмата за работа на стручната служба | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното.<br><br>Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство.<br><br>За заштита и безбедноста на просториите, во училиштето има план за дежурства на наставниците и техничката служба за време на одморите.<br><br>Поставени се видео-камери низ училиштето. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.9 Севкупна грижа за учениците**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| Училишниот простор е безбеден за изведување настава според пропишани мерки за безбедност.<br><br>Наставниците добро ги познаваат своите ученици и знаат како да ги решат проблемите во одделението.<br><br>Во ова училиште учениците учат и како квалитетно и културно да комуницираат со другите луѓе. | Учениците учествуваат во донесувањето на одлуките во работата на училиштето. за ова прашање позитивно се изјасниле околу 12. 43 %. негативно околу 32. 12 %. а со одговорот делумно се изјасниле околу 56 %. од што заклучуваме дека учениците сметаат дека не учествуваат во донесување на одлуките во работата на училиштето.<br><br>Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развој.<br><br>Како недостаток на училиштето е што нема пристапна рампа внатре во училиштето за достапност на двата спрата на учениците со пречки во телесниот развој. |

## Резултати од SWOT анализите

Извршените анализи укажуваат дека училиштето спроведува и планира активности кои им овозможуваат на учениците сестран развој и формирање на навики за културно однесување во средината како и оспособување на учениците за снаоѓање во различни животни ситуации.

### ПРИОРИТЕТИ

Пронаоѓање начини и активности за поттикнување на развој на позитивни морални вредности кај учениците кај кои се забележува недолично однесување. Изнаоѓање начини за отстранување на барикадите за учениците со телесни пречки во развојот.

**Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето**

**1.10 Здравје**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Куќен ред | Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.<br><br>Училиштето има програма за превенција од заразни болести.<br><br>Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенскиот / класниот раководител или предметниот наставник, во соработка со родителите и/или другите релевантни институции (на пример, здравствените установи и центарот за социјална работа).<br><br>Дворот на училиштето е чист од секаов вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и се одржуваат. За време на Новогодишните празници соодветно се уредува.<br><br>Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња |

**Индикатор за квалитет:**
**1.10 Здравје**

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| Редовно чистење и уредување на училишниот двор како и украсување за Новогодишните празници.<br><br>Организирањето на спортски активности кои придонесуваат за здравјето на учениците. | Недостиг на финансиски средства за организирање на стручни предавања од областа на здравственото воспитување на учениците. |

**Резултати од SWOT анализите**

Организирањето на спортски активности кои придонесуваат за здравјето на учениците како за физичкото, така и за емоционалното здравје на учениците.

**ПРИОРИТЕТИ**

Како приоритетна задача на која треба да обрати внимание училиштето е да се внимава на емоционалното и физичкото здравје на учениците.

## Подрачје: 1 Организација и реализација на наставата и учењето

### 1.11 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Анкетни листови за стручна служба, педагог, психолог, стручен соработник — дефектолог, логопед и директор.<br>• Анкети со наставници, родители и ученици,<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација | Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, отворени денови, посети на училишта, високообразовни институции и др.) за професионална ориентација на учениците. |

**Индикатор за квалитет:**
**1.11 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. | Недоволна соработка со средните училишта за следење на развојот и напредокот на учениците кои заминале од нашето училиште. |

## Резултати од SWOT анализите

Учениците се информираат и учат за изборот на идното занимање. Потесно се запознаваат со работните активности за секој вид занимање, сложено

ста на работата и работните задачи на одделни занимања, класификација на занимањата според сложеноста на групите и видот на работата.

### ПРИОРИТЕТИ

Како приоритет да се вршат тестирања за професионално насочување на учениците и да се изгради систем за самооценување на вештините и интересите на учениците.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

### 2.1 Постигања на учениците

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Дневник на паралелките<br>• Евидентни листови за успех и поведение<br>• Прегледи за успех од тромесечие<br>• Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>• Записници од стручни активи<br>• Анкети со наставници. родители и ученици<br>• Годишна програма за работа | Училиштето ги следи постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди.<br>Постигнатиот успех на учениците од IV-VIII одделение се бележи со оценки, додека кај учениците од I-III одделение со нивоа на описно оценување.<br>Бројот на учениците од I до III одделение кои описно се оценети во 2015/2016 година изнесува 382 ученици.<br>Бројот на паралелки во учебната 2015/2016 |

| | |
|---|---|
| • Извештај за работа на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>• Разговор со стручна служба<br>• Програма за додатна и дополнителна настава | изнесува 72 паралелки. Вкупниот број на ученици е 1.133 ученика од кои 521 се женски, а 612 се машки ученици.<br>По полова припадност подобар успех постигнуваат учениците од женската популација со просек од 4,4 за разлика од машката популација кои имаат просек од 3,9.<br>По етничка припадност постигнувањата на учениците се следни:<br>Највисок просек имаат учениците од влашка националност 4,68, по нив следуваат учениците од македонска националност со просек од 4,49, потоа следуваат учениците од турска националност со просек од 3,03, а најслаби резултати покажуваат учениците од ромска националност со просек од 2,83.<br>За постигањата на учениците родителите се информираат на родителски состаноци, индивидуални средби, со давање евидентни листови за успех и поведение на учениците, а од пред шест години имаат можност постигањата да ги следат и преку електронскиот дневник.<br>Постигањата на учениците се подобруваат преку нивно систематско следење, организирање дополнителна и додатна настава според нивните потреби и можности, користење на училишна библиотека како и користење информации од интернет. На нивните постигања позитивно влијае и нивното учеството во слободните ученички активности.<br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се поинтересни, комуникацијата е поголема, и се остварува поголема соработка со наставниците. Во врска со тоа се спроведени и анкети со учениците и наставниците и добиените резултати го потврдуваат искажаното. Наставниците ги почитуваат стандардите и критериумите за оценување и со истите ги запознаваат учениците на почетокот на учебната година. Тие имаат изработено и свои критериуми за оценување кои ги |

| | |
|---|---|
| | применуваат во наставата. Јавно и со образложение ги соопштуваат резултатите од учењето, вршат формативно и сумативно оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност.<br><br>Средниот успех на ниво на училиште изнесува 4,41, без екстрно тестирање, а со екстерно средниот успех изнесува 4,32. Отстапувањето е минимално и изнесува 0,09.<br><br>Нашето училиште има систем за иден-тификација на учениците со потешкотии во учењето, со нив се работи со диференциран начин на работа, а по потреба се одржува и дополнителна настава и континуирано се следи нивниот развој. Доколку се утврди за одреден ученик дека заостанува во психо-физичкиот развој, се упатува до комисија за категоризација и по добиено Решение уче-никот го продолжува школувањето во посеб-ни одделенија кои функционираат во состав на нашето училиште или се работи по посебно изгот-вени ИОП.<br><br>Училиштето има систем за идентификација и на надарените ученици кои во зависност од своите афинитети и интереси избираат активности преку кои дополнително се развиваат.<br><br>Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници преку нивни лични ангажирања, учество во разни наставни и вonнаставни активности, разни натпревари и постигнати резултати, лична евиденција и проценка од секој наставник одделно, како и од прегледите на наградени ученици за кои нашето училиште води уредна документација по Активи и во Стручната служба.<br><br>За подобрување на постигањата на посла-бите учениците, како и за унапредување на надарените и за сите заинтересирани уче-ници кои сакаат да ги прошират и продлабочат знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за дополнителна и додатна настава. За таа цел на видно место е истакнат распоред за редовно одржување на додатна и допол- |

| | |
|---|---|
| | нителна настава по сите наставни предмети.<br><br>Од увидот во училишните дневници констатирано е дека додатната настава сите наставници ја реализираат според планот и програмата, во соработка со родителите на учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се истакнуваат со особена надареност или талентираност за одделни наставни предмети. Додека дополнителната настава се одржува со ученици кои се соочуваат со повремени потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините од еден или повеќе предмети.<br><br>Податоците за реализираните часови по дополнителна и додатна настава може да се добијат и од Извештајот на педагошко-психолошката служба која води редовна евиденција за секој наставник.<br><br>При запишувањето на ученици во прво одделение се идентификуваат и децата со посебни потреби кои за да се запишат во посебните одделенија, треба да приложат наод и мислење за категоризација, издаден од Комисија за категоризација при Медицински центар-Штип.<br><br>Постигањата на учениците од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование се внесуваат во евидентни листови, а се следат и анализираат во полугодишните и годишни извештаи изработени од страна на одделенските раководители кои се внесени во извештаите на училиштето.<br><br>Училиштето има повратна информација и за тоа каде нашите ученици го продолжиле средното образование и какви се нивните понатамошни постигања. Овие податоци можат да се видат во извештаите добиени од средните училишта, кај педагошко-психолошката служба.<br><br>Во нашето училиште се врши споредување на постигањата на учениците на крајот на секоја учебна година, по предмети и по одделенија и на тој начин се утврдува дали постигањата се подобри или послаби во |

| | |
|---|---|
| | однос на претходната година. Доколку се јават поголеми разлики во постигањата на учениците, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нивно надминување. |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**2.1 Постигања на учениците** | |
|---|---|
| | |
| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
| • Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците<br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност<br>• Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО<br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по квалификациони периоди<br>• Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата ( ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)<br>• Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените ученици ја вршат наставниците и стручната служба<br>• Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава | • Учениците од предметна настава имаат помал интерес за додатна настава во однос на учениците од одделенска настава<br>• Недоволна соработка од страна на родителите<br>• Недостаток од стручна литература<br>• Недостаток од современи средства и наставни помагала |

**Резултати од SWOT анализите**

Преку анализата на податоците дојдовме до сознание дека:

Наставниците за да ги подобрат постигањата кај учениците користат разни форми и методи на работа и ги вклучуваат учениците во вонннаставните активности.

Постигањата на учениците се подобруваат и преку нивно систематско следење и организирање на додатна и дополнителна настава по одделени предмети.

Учениците кои имаат потешкотии во учењето и учениците кои се со посебни образовни потреби се следат од страна на одделенскиот раководител и стручната служба и во соработка со родителот се бара начин за ублажување или надминување на потешкотиите.

**ПРИОРИТЕТИ**

Да се мотивираат учениците од предметна настава да посетуваат додатна настава

Да се интензивира соработката со родителите Да се збогати училишната библиотека со стручна литература и современи ДВД изданија со образовни содржини.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| • Податоци и извештаи од стручната служба<br>• Податоци од одд. раководители и одделенски дневници<br>• Податоци од административна служба (секретарот ), и главна книга<br>• Програма за работа<br>• Извештај за работа на училитето<br>• Списоци на деца од реонот на училиштето<br>• Известувања МОН и ДПИ<br>• Интервју со стручната служба | Нашето училиште ги опфаќа во најголем процент учениците од нашиот реон и мал дел ученици од други реони.<br>При запишувањето на учениците во прво одделение, училиштето доставува соопштение и информации до сите градинки и други објекти од локалната средина, како и до локалните медиуми.<br>Родителите имаат можност да се информираат за училиштето преку брошури, преку неговата ВЕБ страна и разни презентации кои се однесуваат на структурата на училиштето и на децата кои треба да се запишат на училиште, а кои можат да ги проследат кога има отворен ден во училиштето кога родителите и децата имаат можност да го разгледаат училиштето и да ги добијат сите потребни информации за неговата структура и начинот на функционирање.<br>Училиштето формира Комисија за упис на учениците во прво одделение која има увид во списоците добиени од локалната самоуправа за бројот на ученици кои треба да се запишат во таа учебна година. Доколку бројот на пријавени ученици не одговара со бројот на предвидени ученици за упис, службата контактира со другите основни училишта и градинки за да ги добие потребните информации за учениците кои не се пријавиле за прво одделение. Доколку родителот не сака да го запише своето дете во училиште, службата реагира со допис до просветниот инспектор кој може да поднесе прекршочна пријава за родителите.<br>Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано и систематски ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навреме презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Просекот на оправдани изостаноци изнесува 22,2 по ученик, а просекот на неоправдани изостаноци изнесува 4,36 изостаноци по ученик. Спо- |

редбената анализа на изостаноците покажува зголемување на бројот на оправдани и неоправдани изостаноци во однос на претходните три години.

| Учебна година | оправдани | неоправдани |
|---|---|---|
| **2014/2015** | 11,29 | 1,52 |
| **2015/2016** | 9,25 | 1,51 |
| **2016/2017** | 14,14 | 1,19 |

Контактите помеѓу наставниците, стручната служба и родителите се континуирани и навремени и често се разговара за причините за отсуство од настава. Педагошко-психолошката служба организира советување за сите родители чии деца отсуствуваат подолго време, се реализираат и домашни посети на семејствата од страна на одделенскиот раководител доколку родителите не се појават на советувањата.

За учениците кои имаат повеќе Неоправдни изостаноци, според Правилникот за педагошки мерки, се изрекуваат соодветни педагошки мерки за кои службата на училиштето води уредна евиденција.

Училиштето го следи осипувањето на учениците, но тоа во последните години е незначително.

Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (промена на адреса, заминување во странство и сл.) е еднаков или помал со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.

Во учебната 2015/2016 год. 15 ученика се отпишале поради промена на местото на живеење, а 12 ученика придошле во нашето училиште.

При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навреме се доставува информации за ученикот до другото училиште, т.е.се издава преведница.

**Индикатор за квалитет:**

**2. 2. Задржување/осипување на учениците**

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| • Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме превзема конкретни активности (разговор со учениците кои почесто отсуствуваат, разговор со одделенскиот раководител, повикување на родител, изрекување на соодветни педагошки мерки) што имаат за цел да обезбедат поголема редовност.<br>• Училиштето соработува со родителите и со локалната средина во врска со оваа проблематика. | • Потешко остварување на контакт со одредени родители кои се од ромска националност. |

**Резултати од SWOT анализите**

Училиштето формира Комисија за упис на ученици во прво одделенија и навреме и квалитетно го извршува овој процес;

Училиштето континуирано и систематски ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навреме презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците.

Училиштето го следи осипувањето на учениците и причините за оваа појава и може да заклучиме дека тоа во последните години е незначително односно бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште е скоро еднаков со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.

При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навреме се доставува информации за ученикот до другото училиште;

**ПРИОРИТЕТИ**

Да се изнајдат начини за подобра комуникација со родителите на децата кои без некои оправдани причини подолго отсуствуваат од настава и изнаоѓање начини за редовно посетување на наставата.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

### 2.3 Повторување на учениците

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | Во учебната 2014/2015 год. 4 ученици го повторувале одделението.<br>Причините за повторување се нередовното следење на наставата, (заминување во странство на неколку месеци), загрозена социјална состојба на родителите, ниска ниво на образование, кое најчесто е неоформено, како и нарушување на воспитната компонента од страна на родителите.<br>Доколку некој ученик повторува, училиштето му овозможува да поднесе жалба до Наставничкиот совет. Наставничкиот совет ја разгледува жалбата и го известува ученикот дали жалбата е прифатена или одбиена |

**Индикатор за квалитет:**
**2.3 Повторување на учениците**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| • Родителите навремено се известуваaат за постигањата на учениците во текот на целата година<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и почитувајќи ги стандардите дадени од БРО му дава можност на секој ученик да ги поправи слабите оцени | • Недоволно присуство на родителите на слабите ученици на родителски средби особено на последната кога се изнесуваат оценките на секој ученик<br>• Следење на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност по предмети<br>• Учениците од предметна настава имаат помал интерес за додатна настава во однос на учениците од одд. настава<br>• Намалено присуството на родителите на последната родителска средба, на која се соопштува и образложува успехот на секој ученик |

**Резултати од SWOT анализите**

Има ученици кои не се заинтересирани за настава и имаат слаби оцени. Училиштето настојува да ја спречи оваа појава и преку разговори со родителите на ученикот, но праксата покажува дека успехот е минимален.

Наставниците изнаоѓаат форми и методи на работа за мотивирање на слабите ученици и поправање на слабите оцени

Родителите навремено се информирани за постигањата на учениците

| |
|---|
| Доколку некој ученик повторува, училиштето му овозможува да поднесе жалба до Наставничкиот совет кој ја разгледува жалбата и го известува ученикот дали жалбата е прифатена или одбиена. |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>Да се подобри соработката со родителите на слабите ученици |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**2.4 Следење на напредокот на учениците**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| • Инструменти за формативно оценување, досие на ученици, изработки по одделни предмети, одделенски книги, е-дневник, евидентни листови.<br><br>• Извештај за успехот на паралелката изработен од одд.раководител, полугодишни и годишни извештаи на ниво на училиште. | Напредокот на учениците редовно се следи преку:<br><br>-Водење евиденција за индивидуален нап-редок<br><br>-Анализа на напредокот по паралелки |

| |
|---|
| **Индикатор за квалитет:**<br>**2.4 Следење на напредокот на учениците** |

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| • Постигањата на учениците редовно се следат од наставниците и стручната служба на училиштето<br><br>• Службата изготвува Извештај за постигањата на учениците по паралелки на секое тромесечје, на полугодие и на крајот од учебната година<br><br>• Следење на напредокот на учениците по пол и етничка припадност<br><br>• Постигањата на учениците | • Недоволна соработка на родителите на учениците кои послабо напредуваат |

| | |
|---|---|
| редовно се следат од наставниците и стручната служба на училиштето<br><br>Следење на напредокот на учениците при премин од еден водруг циклус и од едно во друго ниво на образование | |

**Резултати од SWOT анализите**

Училиштето го следи напредокот на учениците по пол и етничка припадност
Напредокот на учениците се следи и евидентира од страна на наставниците и службата на училиштето
Напредокот на учениците се следи при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование

**ПРИОРИТЕТИ**

Подобрување на соработката со средните училишта во градот за полесно добивање на информации за полесно добивање подаци за успехот на учениците при преминот од едно ниво на образование во друго на учениците кои послабо напредуваат.

## Подрачје бр. 3: Професионален развој на наставниците,стручната служба и на раководниот кадар

### 3.1 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Самоевалуација на училиштето

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| ● Интервју /разговор со директор, секретар и педагошко-психолошка служба<br>● Увид во интерни акти, полуго-дишен и годишен извештај<br>● Увид во правилникот за систе-матизација<br>● Програма за работа на менторот и новвработениот<br>● Увид во досиејата на врабо-тените<br>● Увид во годишна програма за ра-бота во училиштето | Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието неминовно се наметнува потребата од континуираното образование, односно усовршување на вработените. Преку развојот на вработените секоја организација го обезбедува и својот развој.<br>Во нашето училиште посебен акцент се става на професионалниот развој на наставниците, стручните соработници, и раководен кадар. Континуираниот професионален развој е неопходен, бидејќи не може да се очекува наставниците да ги поседуваат сите неопходни компетенции со завршувањето на иницијалното образование за наставници.<br>Во нашето училиште има вработено 94 наставници, директор,помошник директор, стручна служба составена од еден педагог, еден психолог, еден логопед и еден дефектолог. Според правилникот за систематизацијата на вработените. сите наставници се соодветни за работа со ученици, односно имаат соодветна наобразба. Наставникот кои е приправник има назначено од страна на Наставничкиот совет ментор кој ја следи неговата работа и го насочува кон правилна работа односно водење на педагошка евиденција (пополнување на дневник, изработка на годишни и тематски распределенија, изработка на дневни подготовки.. . . ) која е прикажана во програмата за работа на менторот. Директорот на училиштето го врши распоредувањето на наставниот кадар за секоја учебна година според нормативот даден од БРО. Со правилното распоредување се добива поефикасна работа, а со тоа и до подобри резултати во наставниот процес. Исто така Директорот и педагошко- |

| | |
|---|---|
| | психолошката служба вршат следење на професионалниот напредок на наставниците, се води професионално досие за секој наставник, се следат часови и активности од истите и се изготвуваат извештаи од сле-дењето. |

| |
|---|
| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.1 Обезбедување на потребниот наставен кадар** |

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| • Постигањата на учениците редовно се следат од наставниците и стручната служба на училиштето<br>• Службата изготвува Извештај за постигањата на учениците по паралелки на секое тромесечје, на полугодие и на крајот од учебната година<br>• Следење на напредокот на учениците по пол и етничка припадност<br>• Постигањата на учениците редовно се следат од наставниците и стручната служба на училиштето<br>• Следење на напредокот на учениците при премин од еден водруг циклус и од едно во друго ниво на образование | • Недоволна соработка на родителите на учениците кои послабо напредуваат |

**Резултати од SWOT анализите**

| |
|---|
| Училиштето го следи напредокот на учениците по пол и етничка припадност |

| |
|---|
| Напредокот на учениците се следи и евидентира од страна на наставниците и службата на училиштето<br><br>Напредокот на учениците се следи при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>Подобрување на соработката со средните училишта во градот за полесно добиваење на информации за полесно добивање подаци за успехот на учениците при преминот од едно ниво на образование во друго. на учениците кои послабо напредуваат. |

## Подрачје бр. 3: Професионален развој на наставниците,стручната служба и на раководниот кадар

### 3.2 Следење на развојните потреби на насавниот кадар

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| | |
| • Програма за профенсионален развој на наставниот кадар<br>• Програма за работа на стручна служба<br>• Листа од спроведени интерни обуки<br>• Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот<br>• Записници од стручни активи<br>• Увид во досиејата на вработените<br>• Разговор/интервју со директор. стручна служба | Во изминатите две години стручното и педагошкото усовршување на наставниците и стручните соработници се остварувше преку индивидуално стручно усовршување, со следење на стручна литература и списанија, интерното стручно усовршување со работа во Стручни активи, екстерно стручно усовршување со посета и учество на семинари, советувања од БРО и други институции.<br><br>Поконкретно од учебната 2015/17 год се реализирани следните активности за стручно усовршување и професиоален развој на наставниот кадар<br><br>Интерни обуки за наставниот кадар:<br><br>Реализана обука од психологот Вилма Ничева за стручни соработници на тема „ Акционо истражување“. |

| | |
|---|---|
| | Психологот посети семинар на тема „ Семејно насилство“.<br><br>Наставничката Даниела Ѓошева и психологот Вилма Ничева посетија обука за проценка на јазична математичка писменост од проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“.<br><br>Наставниците Убавка Спасова, Маре Симоновскаи стручните соработници Анета Едровска, Вилма Ничева и Петар Рамбабов посетија обука на тема „Современо третирање на аутизмот” од предавач од УСАИД. а во организација на МОН. -<br><br>Наставникот Јасминка Дурдубакова беше учесник на 6 и 7 Меѓународна конференција KNOWLEDGE FOR CAPABILITIES AND SKILLS со теми „Училишната клима - детерминирана за успешни училишта„и „Примена на вештачката интелигенција во производствени системи„, присуствуваше на он - лине обука за Office mix.<br><br>Директорката Весна Ничева беше учесник на 7 Меѓународна конференција KNOWLEDGE FOR CAPABILITIES AND SKILLS одржана во Банско Р. Бугарија.<br><br>Наставниците Горица Бораниска, Светлана Николова, Даниела Ѓошева, Љубинка Ѓурова, Лидија Симоновска. Адриана Иванова, Јасминка Дурдубакова како модератор, Вилма Ничева, Анета Едровска и директорот Весна Ничева беа учесницина 8 Меѓународна конференција KNOWLEDGE –CAPITAL OF THE FUTURE одржанаво Банско Р. Бугарија.<br><br>Наставниците Даниела Гошева и Лидија Симоновска учествуваа на Научна конференција на тема: The teacher of the future во Драч –Албанија. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците по германски јазик Марица Рунтева и Елеонора Стојчева учествуваа на работилница на тема: „Фотографијата како повод за пишување и зборување“ организирана од Гете Институтот,истите наставници учествуваа на работилница на тема:“Песните во наставата по германски јазик“ и он - лине вежби за деца.Обука за обработка на песни во наставата по германски јазик со употреба на ИКТ,Обука за Меѓуетничка интеграција, Обука на тема „Филмовите во наставата по германски јазик,<br><br>Педагогот присуствуваше на седницата на комисијата за Еднакви можности работа на Советот на Општина Штип (презентација на соодветната програма), присуствуваше на седницата на комисијата за Правата на детето на Советот на Општина Штип (презентација на соодветната програма), присуствуваше наседница на CIT на општина Штип и Карбинци на тема„ Превенција од семејно насаилство“. манифестацијата на тема „Учителот го менува светот“ во организација на УГД„Гоце Делчев“-Штип, на тркалезна маса со педагозите од Општина штип и Карбинци на тема „Стручно усовршување на педагогот“ во организација на Институтот за педагогија –Скопје, на дебата на тема„ Образовниот систем во Кореја“ во организација на Одделението за образование при Општина Штип<br><br>Организирана е посета на стручно предавање на тема :„ Стрес“ и „Емоционална интелигенција“ од Прф-Др. Методи Чепреганов.<br><br>Логопедот Анета Едровска и |

| | |
|---|---|
| | дефектологот Петра Рамбабов реализираат обука „Дисграфија, дислекција и дискакулација кај учениците „ и „АДХД стандарди“<br><br>Дефектолог посети на обука за „Акциони истражувања”, Присуство на регионален форум за Источен и југоисточен регион во Р.Македонија; Присуство на трибина за „Превенција од семејно насилство”.<br><br>Наставниците по англиски јазик посетија on-line семинари во Американското катче при Универзитетска библиотека „ Гоце Делчев “ – Штип<br><br>Наставниците од одделенска настава од IV. одделение посетија обука по ФЗО.<br><br>Наставниците од одделенска настава I-V присуствуваа на обуки „Јазична писменост“, „Училишна политика за ненасилно однесување“, „Математика со размислување“-тимови за учење, „Училишна политика за ненансилно одневување“„Обука за формативно оценување“, „Со читање до лидерство-Нашата училница “<br><br>Наставничката Фросина Камчева присуствувала на базична обука за меѓуетничка интеграција во образованието.<br><br>Наставниците по предметот природни науки ги посетија обуките за новите адаптирани наставни програми за петто одделение од Меѓународниот центар за наставни програми на „ Кембриџ“.<br><br>Наставниците по предметите математика. физика. хемија. биологија. географија ги посетија обуките за новите адаптирани наставни програми за седмо, осмо и девето одделение од Меѓународниот центар за наставни програми на „ Кембриџ“.<br><br>Наставникот Јасминка Дурдубакова |

| | |
|---|---|
| | беше учесник на завршна манифестација на Проектот „ Градиме Мостови“ –Скопје;<br><br>Јасминка Дурдубакова. Вилма Ничева и Загорка Донска учествуваа на 10 – та Меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE која се одржа во Агија Тријада –Грција каде Вилма Ничева имаше свој труд со наслов „ Подобрување на описното пишување кај учениците од трето одд.со техниката редење на зборови“.<br><br>Јасминка Дурдубакова. Вилма Ничева. Загорка Донска, Горица Борaниска. Светлана Николова, Евица Коцева, Анета Едровска, Ане Рунчев и Звонко Рунчев учествуваа на 11-та Меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE –во Банско Бугарија. каде Јасмина Дурдубакова имаше свој труд на тема:„ Професионален развој на наставникот во рамките на училиштето“, Загорка Донска со својот труд: „Застапеноста на моралните вредности во учебниците по македонски јазик во Р. Македонија“.<br><br>Директорот Весна Ничева имаше свој труд на 12 Меѓународна конференција THE TEACHER OF THE FUTURE на тема „ карактеристики и ососбини на посакуван наставник“, V научно стручна конференција Современото воспитание и образование –сосотојба, предизвици и перспективност на тема „Професионален развој на наставникот – клуч за квалитетна настава.“<br><br>Наставниците Јасминка Дурудбакова, Даниела Ѓошева и Загорка Донска учествуваа на 13-та Меѓународна конференција THE TEACHER OF THE FUTURE во Будва- Р. Црна Гора каде наставничката Загорка Донска имаше труд на тема „ Текстови со морални |

| | |
|---|---|
| | вредности во учебниците по предметот македонски јазик во Р. Македонија.“<br><br>Наставниците Љубинка Ѓурова и Жаклина Ѓеорѓиева го посетија Меѓународниот семинар за професори на тема:„ Холокаусот Парадигма или почетна точка“ 2016 и 2017 год. одржан во Меморијален центар на Евреите во Скопје. Наставничката Љубинка Ѓурова зема учество на семинар „ Холкаустот на Евреите од Балканот“<br><br>На наставникот Јасминка Дурдубакова по повод денот на просветните работници и беше доделено признание за истакнат просветен работник, организирано од Општина –Штип<br><br>Јованка Кокошкарова учествуваше со свој труд на Манифестацијата „ Учителот го менува светот “ во организација на УГД – Штип.<br><br>Маја Арсова -Учество на базична обука за меѓуетничка интеграција во образованието организирана на училишно ниво ( дисеминација ) во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието ).. Работилница за позитивни интервенции однесување и поддршка ( АВВА), Обука за обучувачи - „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образованието на возрасните", во рамки на проектот на Министерството за образование и наука и Британскиот совет<br><br>Јадранка Јовева (дефектолог-наставник за деца со посебни образовни потреби):Семинар за. „Дислексија”,Обука од УСАИД и ЛЦИФ за работа со деца со потешкотии во видот,учество на Петтата Научна Стручна Конференција во општина Штип со одбрана на мој труд на тема. |

| | |
|---|---|
| | ,Асистивна технологија за деца со потешкотии во видот”<br><br>Наставниците Јасминка Дурдубакова, Адриана Иванова, Роза Манева и Убавка Спасова обука на тема „Инклузија на децата Роми со посебни потреби во редовна настава.“<br><br>Наставниците Јасминка Дурудбакова, Љубинка Ѓурова и Олгица Милева обука на тема „ Концепт за недискриминација и еднаквост“,<br><br>Наставниците Јасминка Дурдубакова и Љубинка Ѓурова посета на обука „ Фер родител – фер дете“<br><br>Наставниците Загорка Донска и Елизабета Огњанова учество на семинар „ Историја на Евреите не Балканоти дигитално раскажување приказни“,.<br><br>Наставниците по ФЗО присуствуваа на семинар „ Континуирано усовршување на наставниците по физичко и здравстевено образование. основа за професионално напредување“<br><br>Наставничката Благица Димовска има учествувано на обука Euroclio.<br>Наставничката Емица Витанова учесник на базичната обука за меѓуетничка интеграција во образованието.<br><br>Увидувајќи ја потреба од понатамошен професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководен кадар во нашето училиште тимот за професионален развој е составен од Весна Ничева, Олгица Милева, Вилма Ничева, Љубинка Ѓурова и Јасминка Дурудбакова. Континуирано се реализираа обуки и семинари за директорот, стручната служба, наставниците и административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваат и |

| | |
|---|---|
| | надоградуваат. По извршените убуки се утврдуваат придобивките, се вршат дисеминации на другите наставници и воедно се следи нивната реализација. |

| |
|---|
| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.2 Следење на развојните потреби на наставниците** |

| **Јаки страни** | **Слаби страни – слабости** |
|---|---|
| Наставниците обрнуваат внимание на својот професионален развој со што доаѓа до подобрување на квалитетот на нивната работа,. Практикување на наученото во секојдневната работа, поттикнување на соработка и тимска работа, примена на нови стратегии и техники на подучување, подобри истражувачки постапки во наставата. | Мал број на опфатеност на наставници, немање доволно стручна литература |

**Резултати од SWOT анализите**

| |
|---|
| Соработка со БРО и МОН,подобра комуникација меѓу наставниците и учениците, соработка со невладини организции |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>Зголемен број на акредитирани и неакредитирани обуки, предавања, семинари, ангажиран поголем број на наставници кои ќе учествуваат на обуки, обезбедување на нова, стручна литература што значајно ќе го подобри квалитетот на наставниот процес, примена на хоризонтално учење и размена на искуства помеѓу наставниците. |

**Подрачје бр. 4: Управување и раководење**

**4.1. Управување и раководење со училиштето**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| | |
| • Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Записници, Одлуки,Извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Интервју со Училишен одбор<br>• Програма за работа на директорот,<br>• Интервјуа со наставниците, родителите и учениците<br>• Записничка книга од состаноците на Училишен одбор и Наставнички совет, | Училишниот одбор(УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 9 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители, двајца од Локалната заедница и еден претставник од МОН.<br><br>Работењето и надлежностите на органот на управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО, програмата за работа на Училишен одбор, Статутот на училиштето, во кои се содржани сите законски и статутарни обврски. Состаноците и донесување одлуки се одржуваат со мнозинство на членови. Членовите се известуваат писмено, со покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно- |

| | |
|---|---|
| | образовниот процес. Тимот од УО има воспоставено партнерски односи со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни, како родители, ученици и локална самоуправа.<br><br>Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Тој ја следи организацијата и реализацијата на воспитно–образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки.<br><br>Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност за ефективно делегирање, комуницира и раководи со вработените и се грижи за нивно перманентно стручно усовршување.<br><br>Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се |

| | |
|---|---|
| | фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.<br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и поширокота заедница.<br>Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручни органи и тела (Наставнички совет, Совет на предметни и одделенски наставници, Стручни активи и раководители на паралелки. Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со одредување Комисии кои донесуваат одлуки.<br>Одлуките се носат од мнозинство членови, присутни на состаноците, а се евидентираат во Записничките книги на Наставнички и Одделенски совет, а транспарентно се |

| | |
|---|---|
| | истакнуваат на огласната табла и по е-маил.<br><br>За успешно функционирање и организирање на работата во училиштето донесени се законски и интерни правилници |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**4.1Управување и раководење со училиштето** |
|---|

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| - Училишната зграда и дворот се уредни, чисти и безбедни<br><br>- Целите на училиштето се наменети кон унапредување на квалитетот на учење и кон подобри постигања на учениците;<br><br>Вработените активно учествуваат во развојот и преиспитувањето на политиката на училиштето и нејзините насоки;<br><br>Во училиштето се врши систематско самоевалуирање<br><br>Директорот е објективен, во вреднувањето на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето<br>Директорот може да донесе комп лексни (тешки) одлуки кога е тоа нужно<br><br>Директорот има способен кредибилитет и висок степен на кредибилитет и преданост кон работата<br>Директорот го става учењето и постигањата на учениците во средиштето на<br>активностите во училиштето<br><br>Директорот одржува добри односи со вработените, родителите и учениците и установите со кои соработува | Според направената анализа не се евиденирани слаби страни |

**Резултати од SWOT анализите**

| Според направената анализа се установи дека училиштето во својата средин има заслужен рејтинг и бројот на ученици задоволува во секоја учебна година. Директорот и Училишниот одбор имаат одлична соработка со наставниот кадар и Локалната самоуправа, со што се постигнува успех во целокупниот воспитно-образовен процес. |
|---|

| |
|---|
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>Зголемена соработка на УО и Директорот со наставниот кадар и со Локалната самоуправа. |

**Подрачје бр.4: Управување и раководење**
**4.2 Цели и креирање на училишна политика**
**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| • Год. програма за раб. на училиштето за уч 2016/17<br>• Извештај од самоевалуација<br>• План за развој на училиштето-2016-17<br>• Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници родители, ученици<br>• Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација | Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. По спроведените анкети и интервју со директорот, наставници, родители и ученици се констатира дека целите пред се, се јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите и на учениците. |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**4.2 Цели и креирање на училишна политика** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>.<br><br>Целите на училиштето се наменети кон унапредување на квалитетот на учење и кон подобри постигања на учениците;<br><br>Вработените активно учествуваат во развојот и преиспитувањето на политиката на училиштето и нејзините насоки;<br><br>Во училиштето се врши систематско самоевалуирање<br><br>Директорот е објективен, во вреднувањето на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето<br><br>Директорот може да донесе комп лексни (тешки) одлуки кога е тоа нужно<br><br>Директорот има способен кредибилитет и висок степен на кредибилитет и преданост кон работата<br><br>Директорот го става учењето и постигањата на учениците во средиштето на активностите во училиштето<br><br>Директорот одржува добри односи со вработените, родителите и учениците и установите со кои соработува | **Слаби страни - слабости**<br><br>Поголема е мотивираност на наставниците во поттикнувањето на учениците, за почитување на Кодексот на однесување отколку што е таа присутна кај учениците кои треба да се носители на овие активности<br><br>Поголема соработка помеѓу наставниците од одделенска и предметна настава,особено за некои заеднички проекти и работилници помеѓу учениците од предметна и одделенска настава |

**Резултати од SWOT анализите**

| |
|---|
| Анализата покажа дека Директорот и наставниот кадар во средиштето на активностите го ставаат учењето и постигањата на учениците во средиштето на активностите.<br>Наставниците го почитуваат кодексот на однесување и Куќниот ред на училиштето.<br>Вработените активно учествуваат во развојот и преиспитувањето на политиката на училиштето и нејзините насоки.Кај учениците е потребно да се зголеми мотивираноста за почитување на кодексот на однесување. |

## ПРИОРИТЕТИ

Учество на наставниот кадар на различни семинари со цел подобрување на квалитетот на наставата; Поголемо учество на родителите во давање мислења за подобрување на наставата.

**Подрачје бр.4: Управување и раководење**

**4.3.Развојно планирање**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| | |
| • Годишна програма за работа на училиштето за уч 2016/17 г.<br>• Извештај од самоевалуација-2014/15,<br>• План за развој на училиштето-2016-2017<br>• Увид во опремата<br>• Увид во инфраструктурата<br>• Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори | Училиштето има изработено План за развој на училиштето за период од три години, со јасно дефинирани приоритети произлезени од последната самоевалвација и истите се реализираат според предвидената динамика. Овој план за развој ќе биде надополнет со анекс-приоритети, кои ќе произлезат од Извештајот на оваа самоевалуација.<br><br>Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот и има изготвено програма за стручно усовршување на вработените, вклучувајќи и обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br><br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства |

| | |
|---|---|
| | за обука на наставниот и ненаставен кадар.<br><br>Континуирано се реализираа обуки и семинари за директорот, стручната служба, наставниците и административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваат и надоградуваат. По извршените обуки се утврдуваат придобивките, се вршат дисеминации на другите наставници и воедно се следи нивната реализација.<br><br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Воедно, училиштето обезбедува и средства за нивно одржување и врши замена на дотраените или нефункционални технички уреди со цел поуспешно реализирање на наставата, користејќи и ИКТ во наставата.<br><br>Училишната библиотека располага со литературни и лектирни изданија, но дел од нив се стари наслови кои повеќе не се во употреба. Во последните неколку години литературните изданија редовно се обновуваат, така што и оваа година ќе се продолжи со набавка на лектирни изданија и стручна литература.<br><br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето, покрај средствата од блок-дотациите, обезбедува и сопствени средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br><br>Во делот на подобрување на инфраструктурата на училиштето пред две години се реновираа прозорците,вратите и подовите. Со оваа капитална инвестиција |

| | |
|---|---|
| | старата училишната зграда доби сосема нов ентериерен лик.<br><br>Исто така беше реновиран санитарниот јазол за наставниците кај салата за физичко образование.<br><br>Помошното игралиште кое се наоѓа пред училиштето беше оградено со мрежа. Оваа година мреата се замени со висока метална ограда и сега учениците играат без да им излегува топката надвор од игралиштето, а и од безбеден аспект е одлично.<br><br>Салата по ФЗО беше реновирана во поглед на промена на кровната конструкција, такашто доби нов покрив. Воедно беа заменети старите дотраени прозори со нови ПВЦ прозори. Со тоа ќе се заштеди на средства за загревање на салата, а воедно и ќе биде потопло и попријатно за учениците.<br><br>Со реализацијата на сите проекти, семинари, зафати, училиштето ја остварува својата мисија, која всушност е и целта на неговото постоење. Таа е искажана во Изјавата на мисијата:<br><br>Реализираме современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнуваме доживотно учење, односно ќе се стреми кон својата визија која гласи:<br><br>Училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава, прилагодена на потребите и интересите на учениците, во една безбедна и дисциплинирана средина |
| • **Прашалник за родители** | Со Прашалникот за родители беа опфатени 30 родители.<br><br>- На тврдењето: „На моето дете му се допаѓа во училиштето“ 63% од родителите потполно се согласуваат, 30% се согласуваат, а 7 % делумно се согласуваат.<br><br>- На тврдењето: „Учениците добро се однесуваат кон него“, 57% од родителите |

| | |
|---|---|
| | одговориле дека потполно се согласуваат, 13% - се согласуваат а ниту еден родител не се искажал негативно по тврдењето.<br><br>- На прашањето: „Колку си информиран за тоа како твоето дете напредува“ – 73% одговориле дека потполно се задоволни од информираноста, 20% се задоволни, а само 6% делумно се задоволни од информираноста.<br><br>- На тврдењето: „ Наставниците постапуваат правично кон моето дете“ 80% одговориле дека потполно се согласуваат, 13% се согласуваат, 3% делумно се согласуваат, само еден родител не се сложил со тврдењето.<br><br>- На тврдењето: „ Добро се управува и раководи во училиштето“, 43% од родителите одговорија дека потполно се согласуваат, 43% се согласуваат, а 10% - делумно се согласуваат, а само еден родител не се согласува со тврдењето.<br><br>- На тврдењето: „Училиштето бара мислење од родителите и ги зема впредвид нивните сугестии“-67% од родителите одговориле дека се вклучени во работата на училиштето со нивни предлози и сугестии, 30% од родителите делумно се вклучени, додека 3% сметаат дека не се вклучени.<br><br>- На тврдењето: „Запознат сум со училишниот буџет и со начинот на кој се трошат наменските средства во училиштето“ 50% од родителите одговориле дека се согласуваат со тврдењето, 27% -делумно се согласуваат, а 23% одговориле НЕ.<br><br>- На прашањето „Што најмногу ви се допаѓа во училиштето“, родителите приоритет дадоа на:<br><br>- стручноста-компетенциите и однесувањето на наставниците, училишната клима, информираноста за одделни проблеми, учеството на учениците во училишните работилници и Базари за продажба, и доброто воспитување од страна на наставниците.<br><br>На прашањето „Што најмалку Ви се допаѓа |

| | |
|---|---|
| | во училиштето“, родителите одговориле:<br><br>-учениците и нивното однесување, намалена мотивација за учење, хигиената во тоалетите и наставната програма.<br><br>Оттука, во целина, родителите се задоволни од организацијата на училиштето, безбедноста, стручноста на наставниците, а најмалку се задоволни од учениците кои немаат почит кон наставниците. |
| • **Прашалник за наставници** | Со Прашалникот за наставници беа анкетирани 30 наставници<br><br>- На прашањето. ‚Дали постои комуникација меѓу директорот и вработените?,, - 83% од наставниците потполно се согласуваат дека постои комуникација помеѓу директорот и вработените, а 17% сметаат дека делумно постои комуникација.<br><br>- На прашањето. ‚Дали постои комуникација меѓу вработените и членовите на Училишен одбор?,, - 56% од наставниците сметаат дека постои комуникација помеѓу вработените и УО, 33% сметаат дека делумно постои комуникација, а 10% не се согласуваат со тоа.<br><br>- На тврдењето. ‚Вработените се вклучени во процесот на планирање на развојот на училиштето,, - 80% од наставниците потполно се согласуваат дека се вклучени во процесот на планирање на развојот на училиштето, а 20% делумно се согласуваат со тоа.<br><br>- На прашањето. , Односот на директорот со вработените е добар,, -43% од наставниците се изјаснија дека потполно се согласуваат. |

**Индикатор за квалитет:**
**4.3. Развојно планирање**

| | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• Ефикасно и ефективно работење на Органот на управување и Раководниот орган<br>• Добра комуникација со раководниот тим<br>• Јасно поставени цели<br>• Континуирано подобрување на инфраструктурата на училиштето<br>.Солидна соработка со локалната самоуправа<br>. Наставниците посетуваат обуки семинари работилници курсеви и внесуваат новини во наставата | **Слаби страни - слабости**<br>• Немање услови на наставниците од одделенска настава за изведување на наставата по ФЗО.<br>• Почеста контрола на компјутерите и нивно одржување.<br>• Недоволна контрола на влегување и излегување на физички лица во самата образовна установа<br>. Потемелно поврзување со установи кои пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците, како Центарот за социјална работа |

**Резултати од SWOT анализите**

Резултатите од анализата покажаа дека родителите во најголем дел се задоволни од работата на училиштето, од посветеноста на наставниците и нивната заложба за успехот на учениците. Мало незадоволство кај родителите има од дисциплината на одреден дел од учениците. Наставниците во најголем дел се задоволни од постигнатите успеси од нивното работење, со исклучок на недостатокот на сала по ФЗО каде што ќе се изведува наставата по ФЗО за одделенска настава.

**ПРИОРИТЕТИ**

Поголема ангажираност на техничкиот персонал за одржување на хигиена во училиштето; Поднесување на предлог барање од УО и Директорот за зголемување на блок дотациите наменети за нормално одвивање на наставниот процес

Потемелно поврзување со установи кои пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците, како Центарот за социјална работа

**Подрачје бр.4: Управување и раководење**

**4.4 Сместување и просторни капацитети**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| ○ годишна програма за работа на училиштето- 2016/17<br>○ план за развој на училиштето<br>○ непосреден увид<br>○ записници од просветна и санитарна инспекција<br>○ Основни податоци за дејноста<br>○ полугодишен и годишен извештај<br>○ записници од работата на стручните активи<br>○ анкета со наставници, родители и ученици<br>○ Месечен финансиски план за потребите на училиштето за 2016-17 г. | Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје, а зградата е пуштена во употреба во октомври 1961 год. во негов состав влегуваат и три подрачни училишта во: с.Лакавица, с.Селце и Ново Село. Просторот со кој располага училиштето во најголем дел, ги задоволува потребите на учениците.<br><br>Во склоп на училиштето постојат 36 училници ( 16 кабинети, 15 училници), 5 училници за учениците со посебни потреби и аутизам, 1 наставничка канцеларија, 1 канцеларија за директор, 1 канцеларија за секретар, 1 канцеларија за благајник, 1 канцеларија за администратор, 1 канцеларија за педагошката служба, 2 канцеларии за логопед и дефектолог, 6 помошни простории, 1 канцеларија за наставниците по фзо, 1 работилница, 1 просторија со компјутери за децата со посебни потреби и аутизам и 1 мала сала за вежбање за децата со посебни потреби и аутизам, 1 фискултурна сала и 2 нестандардизирани игралишта во склопот на централната зграда 1 библиотека.<br><br>Во склоп на подрачните училишта има 8 училници, 3 заеднички простории, 3 помошни простории и 3 училници надвор од употреба.<br><br>Најголем дел од училниците се со големина која соодветствува на бројот на учениците во паралелките. На игралиштето во подрачното училиште во ново село е ставена нова ограда, наместо старата од мрежа.<br><br>Учениците од одделенска настава немаат можност да имаат час по ФЗО во |

| | |
|---|---|
| | фискултурната сала поради тоа што во истата ФЗО имаат предметна настава.Потребна е мала сала за потребите на одделенска настава со цел реализирање на настава по ФЗО<br><br>- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вonнаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |

**Индикатор за квалитет:**
**4. 4 Сместување и просторни капацитети**

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| - Училиштето се наоѓа во централно градско подрачје, на убава локација, има уреден двор и добро реноме<br><br>- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. | - Учениците од одделенска настава немаат можност да имаат час по ФЗО во фискултурната сала поради тоа што во истата ФЗО имаат предметна настава.Потребна е мала сала за потребите на одделенска настава со цел реализирање на настава по ФЗО |

**Резултати од SWOT анализите**

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Исклучок претставува тоа што учениците од одделенска настава немаат можност да имаат час по ФЗО во фискултурната сала поради тоа што во истата ФЗО имаат предметна настава.Потребна е мала сала за потребите на одделенска настава со цел реализирање на настава по ФЗО.

**ПРИОРИТЕТИ**

Адаптирање или изнаоѓање на простор за фискултурна сала за одделенска настав

**Подрачје бр.4: Управување и раководење**
**4.5Наставни средства и помагала**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| • непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>• разговор со наставниците, стручната служба и директорот<br>• увид во библиотечната евиденција<br>• разговор со библиотекар<br>• разговор со ученици<br>• разговор со техничкиот персонал<br>• увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• самоевалуација на училиштето<br>• план за развој на училиштето | Училиштето располага со голем дел на стручна литература и наставни средства кои соодветствуваат со современите наставни текови.Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и истите континуирано ги обновува. Компјутерите и интернетот редовно се користат во наставата, како и ЛЦД проекторите и ЦД плеерите и MAR табли со кои можат да располагаат наставниците по потреба. Утврдена е потребата за набавка на нови технички уреди кои треба да ги заменат дел од постоечките за поуспешно реализирање на ИКТ во наставата.<br><br>Училишната библиотека располага со голем број литературни и лектирни изданија, но дел од нив се стари наслови кои повеќе не се во употреба. Во последните неколку години литературните изданија редовно се обновуваат.<br><br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за непречена реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата на училиштето.<br><br>Утврдена е потреба од набавка на шкафчиња за во училниците, со тоа што некои може да се поправат во работилницата, а и да се набават по потреба. |

**Индикатор за квалитет:**
**4.5 Наставни средства и помагала**

| **Јаки страни** | **Слаби страни – слабости** |
|---|---|
| - збогатување на училишната библиотека со лектирен фонд и стручна литература<br><br>- со собраните средства од базарите постојано се набавуваат наставни помагала за потребите на наставата | - да се набави фотокопир за потребите на наставниците и потрошен материјал, со помош од донации од родители<br><br>- училишната библиотека да прерасне во медијатека со цел да се побуди интерес за читање и да се гради естетски однос кон книгата<br><br>- малите компјутери на кои работат учениците се дотраени и повеќето не работат, па има потреба од набавка на нови |

**Резултати од SWOT анализите**

Од добиените резултати се доби информација дека родителите се задоволни од заедничките активности со учениците, особено од заедничките работилници и базарите кои се одржуваат, со што се добиваат парични средства чија намена е за потребите на наставниот процес. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за непречена реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата на училиштето. Има предлог од родители училишната библиотека да прерасне во медијатека со цел да се побуди интерес за читање и да се гради естетски однос кон книгата.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на поголем број помошни нагледни и наставни средства за подобрување на квалитетот на наставата.

- училишната библиотека да прерасне во медијатека со цел да се побуди интерес за читање и да се гради естетски однос кон книгата

- малите компјутери на кои работат учениците се дотраени и повеќето не се во употреба, па има потреба од набавка на нови

**Подрачје бр.4: Управување и раководење**

**4.6Финансиско работење на училиштето**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето<br><br>• разговор со наставниците, раководители на подрачни училишта, директорот и У О<br><br>• записници и одлуки од УО<br><br>• записници од ревизија<br><br>• склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди | Училиштето средствата ги добива по 2 основа, како блок дотација од Локалната самоуправа – сметка 903, и самофинансирачка сметка за сопствените приходи – сметка 787 (издавање на фискултурна сала, базари за продажба на изработки од ученици и слично).<br><br>Законска обврска е секој месец да се изготвува М1, М2 и М3 податоци кои се доставуваат на Локалната самоуправа.<br><br>Училиштето работи во согласност со законските норми за финансиско работење и раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства со кои се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување да се подобрат условите за престој во истата.<br><br>Училишниот одбор е запознат со сите финансиски активности во училиштето. Управата на училиштето врши<br><br>распределба на средства која е економична, ефикасна и правична (ресурси добиваат сите подрачни училишта како и централното училиште во градот). Фокусот на планирањето и трошењето на буџетот е подобрување на наставата и учењето, но покрај тоа, има простор за набавка на уште ресурси кои би го унапредиле наставниот процес. |

**Индикатор за квалитет:**
**4.6 Финансиско работење на училиштето**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| • Училишниот простор ги задоволува условите за изведување на настава<br>• Изградени се нови тоалети во делот кај спортската сала на централното училиште<br>• Училиштето е препознатливо по добра хигиена и презема јасни мерки за одржување на состојбата<br>• Наставниот кадар е соодветен, а училиштето редовно ги идентификува потребите од нивно професионално усовршување и обезбедува финансиска поддршка<br>• Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи<br>• Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал<br>• Сите постапки поврзани со финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи<br>• Раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства и го следи наменското трошење<br>• Во училиштето постои Комисија за јавни набавки и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки<br>• Буџетот се користи наменски, за цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и развојот на | • Недостаток од технички уреди и помагала за поуспешно реализирање на креативна настава (принтер, фотокопир, ЛЦД проектори, ЦД плеери).<br>• Библиотеката има потреба од набавка на лектирен фонд и стручна литература.<br>. поголема транспарентност во однос на родителите и наставниот кадар за планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| училиштето во целина | |
|---|---|

**Резултати од SWOT анализите**

Анализата покажа дека наставниот кадар е соодветен, а училиштето редовно ги идентификува потребите од нивно професионално усовршување и обезбедува финансиска поддршка

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Буџетот се користи наменски, за цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина.

Потребна е поголема транспарентност во однос на родителите и наставниот кадар за планирањето и трошењето на училишниот буџет.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Барање за зголемување на финансиските средства од Локалната самоуправа со цел подобрување на наставниот процес

- Барање за поголема транспарентност кон родителите и наставниот кадар во однос на распределувањето на училишниот буџет

**Подрачје бр.5: Комуникациски односи со јавноста**

**5.1 Наставни планови и програми**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - Записници од родителски средби<br>- Анкетни прашалници ( родители, ученици)<br>- Анкети за изборни предмети<br>- Одделенски книги<br>- Записници од педагошко – психолошка служба за одржани родителски состаноци на ниво на училиште<br>- Преглед на изборни предмети | Од одделенските книги се утврди дека учениците се запознаваат со целите и содржините на наставните планови и програми уште на првиот час, а исто така наставниците редовно ги информираат и во текот на учебната година.<br><br>Родителите на родителска средба освен за наставните програми се известуваат и за изборните предмети кои треба да ги изберат заедно со нивните деца согласно нивните потреби и интереси. Известувањето се врши со анкетен лист со понуден избор на предмети. Наставниците за изборните предмети вршат презентација на планот и програмата за реализирање на конкретниот изборен предмет со цел потполно информирање на родителите и учениците со целите и задачите на |

| | |
|---|---|
| | изборниот предмет. |

**Индикатор за квалитет:**

**5.1 Наставни планови и програми**

- Од одделенските книги се утврди дека учениците се запознаваат со целите и содржините на наставните планови и програми по предметите за време на часовите од редовната настава на почетокот на учебната година. Учениците редовно се запознаваат со содржините кои треба да ги обработуваат, преку тематските, неделните дневни планирања на наставниците.
- Родителите се запознаваат со наставните планови и програми што се утврди од записниците од родителски средби во одделенските книги и од записниците од педагошко – психолошката служба за одржани родителски на ниво на училиште. Училиштето преку Совет на родители и Училишен одбор ги зема во предвид мислењата на родителите во врска квалитетот и обемноста на наставните планови и програми и покренува иницијатива до МОН и БРО, доколку се бара нивни измени и дополнувања. Советот на родители исто така се информира за плановите и програми на седниците на Совет на родители.

За потребите на самоевалуацијата направена е анкета на ученици и родители според која: од анкетираните 300 ученика, 85% се изјасниле дека се информирани за содржината на наставните програми по наставни предмети, а 3 % дека не се информирани и 12% дека се делумно информирани.

На прашањето: Дали си заинтересиран/а сум за наставните планови и програми во училиштето 80% одговориле со ДА, 4 % со НЕ и 16% со ДЕЛУМНО. Според анкетираните 300 родители 72% се изјасниле дека се информирани за наставните планови и програми, 3 % дека не се информирани и 25 % дека се делумно информирани.

На прашањето дали се заинтересирани за наставните планови и програми 75% одговориле со ДА, 2% со НЕ и 23% со ДЕЛУМНО.

На прашањето дали преку вашето дете редовно сте информирани за посетата на вашето дете на додатна и дополнителна настава од страна на наставникот 92% од анкетираните родители одговориле ДА, 1% со НЕ и 7% со ДЕЛУМНО.

На прашањето: Целосно се согласувам со наставните планови и програми кои се спроведуваат во училиштето 53% одговориле со ДА, 3% со НЕ и 44% со ДЕЛУМНО.

На прашањето: Имам предлог за измена на наставните планови и програми 12%

одговориле со ДА, 75% со НЕ и 13% со ДЕЛУМНО.

На прашањето: На кој начин сте информирани за наставните планови 6% одговориле преку веб страната на мон, 83% преку родителски средби, 9% преку индивидуални средби, и 2% на друг начин.

На прашањето Дали понекогаш чувствувате потреба од иницирање промени во наставните планови и програми? 18% одговориле со ДА, 23% одговориле со НЕ и 59% одговориле со ПОНЕКОГАШ.

На прашањето: Дали, доколку сте сакале, ви било овозможено да имате увид во наставните планови и програми? 32% одговоиле со ДА, 2% со НЕ и 66% не побарале да имаат увид.

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| • Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси;<br>• Родителите редовно се информираат за наставните планови и програми преку Училишен одбор, Совет на родители, родителски средби<br>• Наставниците навремено ги информираат родителите за организирање на часови за додатна и дополнителна настава; | Кај родителите нема голема заинтересираност за измена на наставните планови и програми |

**Резултати од SWOT анализите**

Соработката со родителите се остварува на високо ниво со тоа што тие секогаш се добредојдени со идеи како соработници

**ПРИОРИТЕТИ**

Зајакнување на соработката со родителите во однос на искажување на нивното мислење во врска со наставните планови и програми.

Подрачје бр.5: **Комуникациски односи со јавноста**

**5.2 Воннаставни активности**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| • Годишен план и програма на училиштето<br>• анкетни прашалници за родители, наставници и ученици<br>• интервју со наставници<br>• педагошка евиденција и документација<br>• програма за дополнителна и додатна настава | Во годишното планирање предвидени се посети, набљудувања и екскурзии како воннаставни активности произлезени од потребите и интересите на учениците кои ќе им послужат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Нивниот обем и разновидност зависат од самите планирања на училиштето и соодветноста на програмата.<br>Училиштето обезбедува услови за реализација на планираните воннаставни активности со цел вклучување на сите ученици, без оглед на нивниот пол, етничка припадност, социјално потекло, ученици со посебни образовни потреби и ученици од семејства со низок социо-економски статус (прилог). Планираните воннаставни активности (екскурзии, натпревари, слободни ученички активности и сл.) се реализираат во соработка со учениците и родителите, со цел задоволување на интересите на самите ученици, а во согласност со наставните програми и планирања. Од анкетираните ученици 75% се изјасниле дека се вклучени во воннаставни активности.<br>Учеството на учениците на разни манифестации и натпревари надвор од училиштето се реализира во соработка со наставниците и стручната служба, како и со родителите и придонесува за афирмација на самите ученици, а преку нив и на училиштето.<br>Такви натпревари најчесто се: математички натпревар „Кенгур“, разни спортски активности и манифестации, хорски смотри, хор, оркестар, натпревари по предмети, танцови школи и слично. |

| | |
|---|---|
| | Изборот во сите овие активности е личен избор на самиот ученик.<br>Во рамките на училиштето често се реализираат и натпревари за ликовен и литературен конкурс по повод одредени манифестации: ден на дрвото - екологија, ден на планетата Земја, патронен празник, хуманитарни акции и слично. Учеството на ваквите манифестации и натпревари позитивно влијае врз развојот на учениците и афирмирањето на училиштето. |

**Индикатор за квалитет:**
**5.2 Воннаставни акивности**

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| - Претставување и афирмирање на училиштето преку медиумите за различни училишни активности;<br>- Опфатеност и успешно работење (многубројни награди и постигнати резултати) во воннаставните активности;<br>- Интегрирање и соработка со локалната средина.<br>- Се обезбедува подобро информирање на јавноста<br>- Активно се учествува во културниот живот на општината<br>- Јавноста се информира за активностите на училиштето. | Едукација на родителите за учество во добивање проекти. |

**Резултати од SWOT анализите**

Училиштето е секогаш отворено за соработка.

Училиштето секогаш соработува и со локалната средина.

Соработката со родителите се остварува на високо ниво со тоа што тие секогаш се

добредојдени со идеи како соработници.

**ПРИОРИТЕТИ**

Зајакнување на соработката со родителите за планирање и реализирање на проекти на Советот на родители.

**Подрачје бр.5: Комуникациски односи со јавноста**

**5.3 Известување за напредокот на учениците**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| дневници на паралелка<br><br>записници од родителски средби<br><br>записници од педагошко-психолошка служба<br><br>Анкетни прашалници (родители) | Изворите на податоци покажаа дека училиштето целосно располага со податоци за постигањата на учениците има мала промена во постигањата минатата година успехот беше минимално намален а оваа повторно зголемен, се идентификуваат талентираните и учениците со потешкотии во учењето а мал е бројот на ученици со посебни образовни потреби,редовно се изведува дополнителна и додатна настава, се следат постигањата на учениците од еден во друг циклус.<br>Училиштето за напредокот на учениците има утврден систем за известување на родителите, што значи навреме наставниците ги информираат родителите преку усна или писмена информација. |

**Индикатор за квалитет:**

**5.3 Известување за напредокот на учениците**

Во однос на следење на напредокот на учениците се води целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, а наставниците подготвуваат редовни комплетни извештаи и анализи за своите паралелки во сите периоди од учебната година.

Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците од страна на наставниците и стручните соработници и доколку се идентификуваат одредени потешкотии во процесот на учење се преземаат конкретни активности за нивно надминување.

Во наставниот процес се почитуват индивидуалните потреби на учениците и согласно тоа се применуваат содветни наставни форми и методи на учење, се применува диференциран пристап на работа и се задаваат задачи со различно ниво на сложеност се со цел усвојување на наставните содржини од страна на учениците.

Според потребите и способностите на учениците се организира дополнителна и додатна настава како и слободни ученички активности за кои родителите се навремено информирани.

Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку различни методи и инструменти. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.

Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата. Тие целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и унапредат планирањето на наставата.

Од извршената анкета за родители на прашњето “Како се информирате за постигањата на Вашето дете“?, 69% од прашаните родители родители одговориле дека се информираат од свое дете и 15% одговориле дека се информираат преку SMS пораки, 3% од веб-страната на училиштето, 7% од одделенскиот раководител, 2% на родителски средби, а 4% не ги следат постигањата на своите деца.

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
| --- | --- |
| Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку различни методи и инструменти.<br><br>Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br><br>Родителите редовно се информирани за напредокот на учениците преку родителски средби, индивидуални средби, веб-страната на училиштето, | Бројот на присутни родители на родителските средби е мал, посебно кога се изнесуваат и образложуваат оценките за секој ученик.<br><br>Родителите не се вклучуваат активно во подобрување на постигањата на учениците. |

| | |
|---|---|
| како и од интерни групи на социјалните мрежи | |

**Резултати од SWOT анализите**

Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците.
Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата.
Родителите неаргументирано бараат повисоки оценки за учениците не знаејќи ги сите критериуми за оценување на учениците.

**ПРИОРИТЕТИ**

Зголемена комуникација родител-наставник во однос на известувањето на напредокот и постигањата на учениците.

## Подрачје бр 6: Училишна клима и култура

### 6.1 Училишна клима и односи во училиштето

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| - Куќен ред на училиштето<br><br>- Кодекс на однесување<br><br>- Анкетни прашалници за ученици, наставници и родители.<br><br>- Прашалници за педагошко – психолошката служба.<br><br>- Педагошка евиденција за изречени | Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за |

| | |
|---|---|
| педагошки мерки (Евидентен лист за изречени педагошки мерки)<br>- Педагошка евиденција за изречени пофалби и награди (Преглед на учениците за натпревари. Евидентен лист за изречени пофалби и награди.)<br>- Годишна програма на Училиштето<br>- Извештај за работата на училиштето полугодишен и годишен. | неговиот углед и се горди што се дел од него.<br>Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците, како и Еко кодекс во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Во изготвувањето на овие кодекси подеднакво учествуваа сите структури во училиштето и при неговото усвојување е спроведена демократска процедура. Кодексот е поставен во училишните ходници, но го има и во наставничката канцеларија и во секоја училница. Од спроведената анкета 83, 5 % од родителите се согласуваат дека се почитува воспоставен кодекс на однесување за учениците и наставниците, 15, 85 % делумно се согласуваат и 0, 65 % не се согласуваат. Освен овој правилник, училиштето има изготвено и други правилници кои служат за грижа на училишната сопственост или подобрување на меѓусебна соработка и односи.<br>Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и |

| | |
|---|---|
| | посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.<br><br>Дисциплината на учениците задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста,. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Од спроведените анкетни прашалници 84, 25 % од родителите сметаат дека нивното дете во училиштето се чувствува среќно и задоволно, 14, 05 % делумно се согласуваат и 1, 70 % не се согласуваат. 79 % од родителите се согласуваат дека чилиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиштето,<br><br>19, 50 % делумно се согласуваат и 1, 50 % не се согласуваат. 81, 20 % од родителите сметаат дека наставницте ги почитуваат индивидуалните карактеристики на ученците, 14, 24 % делумно се согласуваат и 4, 56 % не се согласуваат. 84, 52 % од родителите сметаат дека во работата на |

| | |
|---|---|
| | училиштето се чуствуваат целосно прифатени и добредојдени и слободни да му се обратат на училиштето за секое ваше прашање, 14, 30 % делумно се согласуваат и 1,18 % не се согласуваат. 83, 40 % од родителите се согласуваат дека во училиштето постои комуникација и соработка помеѓу родителите, вработените и учениците, 15,20 % делумно се согласуваат и 1, 40 % не се согласуваат. |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**6.1 Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
| Меѓусебниот однос помеѓу наставниците и односот помеѓу наставниците и учениците се базира на заемна доверба, почитување, еднаквост меѓу половите и етничките групи во училиштето.<br><br>- Во училиштето се води грижа за здравјето и безбедноста на учениците и се подржува вклучувањето на учениците, родителите и заедницата во животот на училиштето.<br><br>- Директорот и наставниците го градат позитивниот имиџ на нашето училиште.<br><br>- Постоење кодекс за однесување и негово почитување од страна на учениците, наставниците и родителите<br><br>- Училиштето има усвоено<br><br>Куќен ред за однесување на сите вработени и со истиот се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите (како да се однесуваат за време на час, на одмор, во училиштето).<br><br>- Училниците претставуваат мотивирачка и пријатна средина за учење.<br><br>- Ученичките трудови се изложуваат во ходниците и во училниците со што се подобрува мотивацијата и чувството за припадност.<br><br>- Се промовираат еднаквоста, правичноста и отвореноста на училиштето како темелни вредности.<br><br>- Училиштето е секогаш отворено за родителите и потребите на учениците.<br><br>- Се обавуваат дежурства на наставниците во ходниците меѓу часовите на двата ката во училиштето, за кои | Набавка на нагледни средства за подобрување на воспитно - образовниот процес и успешно реализирање на новите наставни програми по Кембриџ за математика и природни науки;<br><br>- Наградување на учениците и наста-вниците кои го промовираат училиштето преку освојување на награди на општи-нски, регионални и државни натпревари.<br><br>- Немање на фискултурна сала во подра-чното училиште во Ново Село за изве-дување на настава по ФЗО.<br><br>- Недоволна грижа за одржување на хигиената во санитарните чворови во училиштето. |

| | |
|---|---|
| постои распоред за дежурства на<br><br>наставниците и книга за дежурства.<br><br>- Наставниците доследно го почитуваат распоредот на дежурства за време на одморите и воспоставуваат контрола на однесувањето на учениците во училишната зграда.<br><br>- Училиштето секогаш е отворено за соработка со локалната заедница и активно се вклучува, при што учествува на сите настани кои се од интерес<br><br>на заедницата, а исто така работи на заеднички проекти.<br><br>- Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, републичко и меѓународно ниво, со што се промовира нашето училиште.<br><br>- Учениците постигнуваат добри резултати на натпреварите што се темели на високиот квалитет на работа на наставниците<br><br>- Учениците се активно вклучени и во волонтерски акции кои се организираат според календарот на Црвениот крст.<br><br>- Училиштето има развиено пропишана политика за прифаќање и промовирање на мултикулурализмот.<br><br> Училиштето ги промовира своите постигнувања преку медиумите.<br><br> Постојат безбедни услови за учениците и вработените при реализација на наставата.<br><br> Училиштето во договор со наставниците има направено распоред за приемен ден на родителите, но и покрај тоа родителите | |

| | |
|---|---|
| се примаат во училиштето во секое време.<br><br> Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства.<br><br>- Преку проектот за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем нашето училиште се<br><br>закити со називот Еко училиште<br><br>и ни беше доделено највисокото признание ЕКО - Зелено знаме.<br><br> Во нашето училиште постои Правилник за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности.<br><br> Формиран е тим за разрешување на конфлики со цел подобрување на толеранција, соработката и дисциплината. | |

**Резултати од SWOT анализите**

Училиштето е препознатливо како добро училиште по квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области. Наставниците добро ја познаваат мисијата и визијата на училиштето, а најголемиот дел од нив се идентификуваат со неа.

Училиштето има стекнато имиџ на добро училиште, тоа се гордее со својата традиција и ужива углед во пошироката заедница.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постиганат високи резултати и успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално или национално ниво.

Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства.

Нашето училиште има Кодекс на однесување и Куќен ред со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето(директорот, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите).

Училиштето претставува пријатна средина за работа која овозможува нормално одвивање на воспитно-образовниот процес и нормално живеење. Во училиштето

постои професионална соработка меѓу вработените, стручната служба, помошниот персонал и директорот.

Безбедноста на учениците во училиштето е на високо ниво, иако не постои постојано физичко обезбедување.

Училиштето во договор со наставниците им е направено распоред за приемен ден на родителите, но и покрај тоа родителите се примат во училиштето во секое време.

Директорот на училиштето создава добра клима помеѓу вработените, учениците, родителите.

Дисциплината на учениците и вработените е на високо ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и вон наставните активности,

Соработката на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Родителите секогаш се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесувањето на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблеми кои се од интерес на нивните деца.

Во училиштето се превземаат сите педагошки мерки предвидени со Законот за осн

овно образование, доколку за тоа се појави потреба во училиштето.

Наставниците квалитетно ја извршуваат својата работа: ги образуваат и збогатуваат своите ученици со знаење, но во исто време тие ги воспитуваат и подготвуваат за реалниот живот во кој тие ќе бидат добри граѓани и идни носители на живот.

## ПРИОРИТЕТИ

- Подобрување на воспитно - образовниот процес со набавка на нагледни средства за успешно реализирање на новите наставни програми по Кембриџ за математика и природни науки;

- По повод разни пригоди да се промовираат постигнатите резултати на учениците и наставниците преку доделување на награди, јавно прочитани пофалби, признанија.
- За успешно изведување на настава по ФЗО да се обезбеди простор во подрачното училиште во Ново Село.

- Подобрување на хигиената во санитарните чворови во училиштето.

**Подрачје бр 6: Училишна клима и култура**

**6.2 Еднаквост и правичност**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - Кодекс на однесување<br><br>- Анкетни прашалници за ученици, наставници и родители.<br><br>- Прашалници за педагошко – психолошката служба.<br><br>- Годишна програма на Училиштето<br><br>- Извештај за работата на училиштето полугодишен и годишен.<br><br>- Записници од родителски средби. | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. На тема Познавање на правата на децата,90,66% од учениците се согласуваат со тврдењето. ,Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги поттикнуваат учениците да ги практикуваат истите,,. 7,30% делумно се согласуваат, а 2.04% не се согласуваат.<br><br>На одделенските часови, наставниците ги промовираат правата на децата, а на родителските средби ги запознаваат со правата и обврските на децата. Родителите<br><br>84,75 % се согласуваат дека во училиштето се почитуваат правата на учениците, 13, 40 % делумно се согласуваат и 1, 85 % не се согласуваат. Во однос на училиштето кон зштита на учениците при повреда на нивните права, 78, 32 % од родителите се согласуваат дека училиштето ги штити<br><br>17, 30 % делумно се согласуваат и 4, 38 % не се согласуваат.<br><br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно |

| | |
|---|---|
| | од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и воннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>На тема Еднаков и правичен пристап на сите ученици, со тврдењето. ,Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност,социјалното потекло и способностите,, се согласуваат 82.55% од учениците, 15.3% делумно се согласуваат, а 2.15% не се согласуваат со ова тврдење. Додека 74, 87 % од родителите сметаат дека вработените подеднакво се однесуваат со сите ученици, 14, 52 % делумно се согласуваат и 10, 61 % не се согласуваат.<br><br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без оглед на која етничка група припаѓаат. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности наменети за културно-етнички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.<br><br>На тема Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот, 86.70% од учениците |

| | |
|---|---|
| | се согласуваат со тврдењето. , Училиштето организира заеднички наставни и/или воннаставни активности наменети за културно/етнички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или од други училишта,,. 10,4% делумно се согласуваат, 2,9% не се согласуваат со ова тврдење. Додека 90, 8 % од родителите сметаат дека учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без оглед на која етничка група припаѓаат, 8, 2 % делумно се согласуваат и 1 % не се согласуваат. |

**Индикатор за квалитет:**
6.2 Еднаквост и правичност

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
|---|---|
| - Вработените подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничка и верска припадност, социјалното потекло и способностите на учениците.<br><br>- Сите вработени во училиштето ги знааат и почитуваат правата на децата.<br><br>- Учениците ги запознаваат нивните права преку одделенските часови, преку предметот Граѓанско образование, преку работилници, проекти и презентации<br><br>• Училиштето ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и да ги заштитуваат во случај на нивно нарушување.<br>• Училиштето има развиено пропишана политика за прифаќање и промовирање на мултикулурализмот.<br>• Нашето училиште има значајна улога во развојот на хармоничната мултикултурна заедница и во однос на тоа нашето<br>• Училиште успешно го реализира проектот и ќе продолжи да го реализира проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>• Постојат голем број на активности за јакнење на меѓукултурната соработка.Една од нив е реализација на проектот „Градиме мостови“ која нашето училиште ја реализираше со партнер училиштето „Братство Башкими “ од Гостивар. | Учениците ги знаат своите права но не ги исполнуваат во доволна мера своите обврски и одговорности кои произлегуваат од правата. |

**Резултати од SWOT анализите**

| |
|---|
| Училиштето организира заеднички манифестации на кои учениците без разлика на верската припадност изложуваат свои трудови и производи.<br><br>Училиштето ги вклучува во приредби по повод празниците и Патрониот празник на училиштето сите ученици. Тие учествуваат на ликовни изложби и други манифестации од јавен карактер.<br><br>Училиштето користи разни форми на работа со учениците (на пр. овозможување на сите деца да се чувствуват рамноправно во следењето на наставата и животот на училиштето, на сите ученици да им се овозможи да имаат учебници, сите ученици да имаат можност да одат на екскурзија, да учествуват во активности на училиштето и итн.).<br><br>Училиштето има демократски формирана ученичка заедница.<br><br>Родителите, учениците и наставниците се активно вклучени во обуки и проекти за справување со конфликти, спречување на насилство и промовирање на родовата и мултикултурната толеранција. |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>Да се работи на зголемување на свеста на учениците за зголемување на своите обврски и одговорности кои произлегуваат од правата. |

**Подрачје бр7: Соработка со родителите и локалната средина**

**7.1 Партнерски однос со родителите и локалната и деловната заедница**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>• Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br><br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено-корисна работа, за јавно културна дејност);<br><br>• Записници и одлуки од состаноци на Училиштен одбор; | Соработката со родителите е многу важен и неминовен сегмет од сите подрачја на училишното комуницирање. За да се утврди партнерскиот однос на училиуштето со родителите беше спроведен Анкетен прашалник за родители (беа анкетирани 25% на родители од секоја паралелка). Според резултатите од извршената анализа на Анкетниот прашалник, добиени се следните податоци:<br><br>-Родителите се чувствуваат пријатно и добредојдено во училиштето.<br><br>- На прашањето „Дали се чувствувате |

| | |
|---|---|
| • Анкетни прашалници (родители);<br>• Интервјуа со директор, стручна служба;<br>• Документација за добиени спонзорства и донации;<br>• Организирани трибини, предавања, презентации за родители и претставници од деловната заедница и невладиниот сектор;<br>• Увид во веб-страната на училиштето. | добредојдени во училиштето“, 93% од испитаниците одговориле дека се согласуваат, 6% делумно се согласуваат и не се согласуваат 1% од испитаниците.<br><br>Родителите се вклучуваат во тековните настани на училиштето преку родителски средби- групни, индивидуални и отворени родителски средби. Тоа може да се согледа од резултатите на Анкетниот прашалник преку следните прашања:<br><br>- На прашањето „Дали училиштето организира доволно родителски средби“ 86% одговориле дека се согласуваат, 12% делумно се согласуваат и 2% не се согласуваат.<br><br>- На прашањето „Дали сметате дека родителските средби се добро организирани “, 81% се согласуваат, 17% делумно се согласуваат и 2% не се согласуваат.<br><br>- На прашањето „Дали мислите дека покрај групните и индивидуалните родителски средби треба да се одржуваат и отворени родителски средби во присуство на повеќе наставници“, 60% од родителите се согласуваат, 26% делумно се согласуваат и 14% не се согласуваат.<br><br>Родителите сметаат дека училиштето и наставниците навремено ги информираат за сите новини и промени во истото, а воедно се задоволни од информирањето по електронски пат. Тоа добро се гледа од резултатите на Анкетниот прашалник за родители:<br><br>-Во врска со прашањето „Дали мислите дека училиштето навремено Ве информира за сите новини и промени во истото“ 63% од родителите се согласуваат, 30% делумно се согласуваат, а 7% не се согласуваат.<br><br>- На прашањето „ Дали сте задоволни од електронскиот начин на информирање за |

| | |
|---|---|
| | вашето дете“, 82% од родителите се согласуваат, 10% делумно се согласуваат. 8% не се согласуваат.<br><br>Заинтересираноста на родителите за учество во предавања, трибини, работилници и проекти и нивно активно вклучување при реализација на истите, не е на задоволително ниво. Тоа добро може да се согледа од резултатите добиени од Анкетниот прашалник за следното прашање:<br><br>„Дали мислите дека постои активна вклученост на родителите во реализација на предавања, требини, работилници и проекти кои обработуваат актуелни теми“ 53% од родителите се согласуваат, 34% делумно се согласуваат, а 13% не се согласуваат.<br><br>Родителите се недоволно заинтересирани за организирање на заеднички екскурзии, излети, одење на кино. Во Анкетниот прашалник за родители од вкупно 284 испитаника на прашањето „Дали мислите дека заедничките екскурзии, одење на кино и излети би го зајакнале партнерскиот однос родител - училиште“ со се согласувам одговориле 60%, со делумно се согласувам 24%, а со не се согласувам 16%.<br><br>Во Анкетниот прашалник за родители на прашањето „Од училиштето добивам јасни упатства како најдобро можам да му помогнам на своето дете“ 63% одговориле дека се согласуваат, 27% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат.<br><br>Овој процент покажува дека родителите треба на јасен начин уште повеќе да бидат упатени за начинот на кој можат да му помогнат на своето дете.<br><br>На крајот од Анкетниот прашалник беше оставен слободен простор каде што родителите можеа да изнесат свое мислење и видување во врска со партнерскиот однос на училиштето со родителите. Повеќето |

| | |
|---|---|
| | мислењата се движеа во правец од целосно коректен, фер и одличен партнерски однос, до мал број на мислења во поглед на поголема влученост на родителите во проектни активности, предавања од страна на професори од повисоки наставни институции за одредени наставни содржини, организирање на требини на кои ќе се разговара за актуелни проблеми со кои се срекаваат децата, непотребни вклучувања на родителите во заеднички проекти, презентации, екскурзии, излети, како и непотребно одржување на отворени родителски средби итн.<br><br>Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. За таа цел се користат најразновидни форми за комуникација со нив. По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби, индивидуални, групни и отворени, каде родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете. Секој наставник уште на почеток на учебната година одредува свој приемен ден, кој се истакнува на огласна табла во училиштето.<br><br>Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен и рекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето. На родителските средби се организираат и предавања за родителите на теми кои се од нивен и интерес на децата.<br><br>Во овој период од страна на стручните соработници се одржаа предавања на тема „Улогата на родителите во превенција и |

| | |
|---|---|
| | насилство меѓу учениците“, „Семејството – место кад детето треба да се чувствува безбедно, сигурно и прифатено“, „Комуникација со вашето дете“ и „Зрелост на детето за поаѓање во училиште“.<br><br>Родителите партиципираат во Советот на родители во кој има по еден претставник од секоја паралелка, како и во Училишниот одбор на училиштето. Нивниот избор се врши на најдемократски начин. Секогаш редовно и навремено се свикуваат од страна на директорот на училиштето. Родителите имаат можност да бидат запознаени со одделни делови од програмат за работа на училиштето, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето во пишана форма преку брошура и по електронски пат преку веб-страната на училиштето. (ou_vanco_prke_stip@yahoo.com).<br><br>Во рамките на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ - за соработка на училиштето со родителите беа реализирани следните активности:<br><br>- Работилница со родители на тема „Ја чекам Баба Марта“ за изработка на мартинки и организирање на продажен базар на мартинките;<br><br>- Посета на Мултимедијалниот центар по повод Неделата на германскиот филм;<br><br>- Работилница со родители на тема „Сите заедно за подобро утро“ по повод Недела на детето;<br><br>- Активност „Да одиме на кино“ проект од МОН и БРО;<br><br>- Активност „Родителот е наставник“- Предавање од страна на родител- доктор на тема од областа на медицината (Здрава исхрана и унапредување на здравјето)<br><br>-Приредба, заеднички настап на родител и |

| | |
|---|---|
| | ученик;<br><br>- Работилница со родители на деца со посебни потреби- креативни изработки од хартија во боја на тема Пролет;<br><br>- Активност со родители „Јас прочитав, прочитај и ти“<br><br>- Работилница со родители и ученици за изработка на велигденски јајца и организирање на продажен базар на истите;<br><br>- Работилница со родители и ученици за изработка на новогодишни украси и организирање на продажен базар на истите;<br><br>-Предавање на тема „Фер родител, фер дете“ за родители од ромска националност и наставници;<br><br>- Активност „Да одиме на излет“- заеднички излет со родители и ученици.<br><br>Во рамките на овој проект за заедничка грижа за правилно насочување на учениците, нашето училиште има отворен ден за родителите на идните првачиња на кој ден истите добиваат информации што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето преку презентации за структурната организираност на училиштето и подготвеноста на децата за поаѓање на училиште.<br><br>Училиштето е отворено и активно вклучено во соработка со **локалната заедница** преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.<br><br>Во рамките на своите можности локалната заедница помогна во :<br><br>- Одбележување на 8 Септември- Денот на независноста на Р М;<br><br>- Одбележување на 11 Октомври; |

| | |
|---|---|
| | - Одбележување на 23 Октомври- Ден на Македонската револуционерна организација;<br><br>- Учество на Пастрамајлијада ;<br><br>- Одбележување на 3 декември- Меѓународниот ден на лицата со хендикеп;<br><br>- Соработка со општинската организација на Црвениот крст,<br><br>- Хортикултурното уредување на зелените површини на училиштето;<br><br>- Еко- акции во чистење на локалната средина;<br><br>- Организирање голем број на собирни акции на потрошени батерии, пластика и хартија;<br><br>- Одбележување на Денот на планетата Земја<br><br>- Организирано предавање од претставник од МВР- Штип за сообраќајно воспитување на првоодделенчињата;<br><br>- Организирано предавање од претставник од МВР- Штип на тема „Не ја расипувај забавата, слави со срце, не со оружје“<br><br>- Одбележување на 1 април – Денот на шегата;<br><br>- Одбележување на христијанскиот празник Велигден преку организирање на Велигденски хепенинг со избор на најубаво украсен штанд, при што нашето училиште го освои Првото место;<br><br>- Во соработка со Општина Штип и Амбасадата на Р. Германија опремување на кабинет по хемија, биологија, математика, географија и физика по склучен договор за финансиска поддршка за реализација на мал проект;<br><br>- Општина Штип во соработка со претставници од хрватската заедница, по повод Божиќните и Новогодишните празници |

| | |
|---|---|
| | организира свечено дефиле за праќање порака за мир;<br><br>- Во соработка со Локалната заедница беше одржан ликовен конкурс на тема „Пролетта моја вечна инспирација“ за учиници со посебни потреби на кој учество зедоа учениците од посебните паралелки со лесни. комбинирани пречки и со аутизам;<br><br>- Нашето училиште како партнер институција на Локалната заедница за потребите на проектот „ Општинско- корисна работа“ делегираше дефектолог како обучувач на дефектолог од детските градинки;<br><br>- Нашето училиште како партнер-училиште со училиште од Гостивар во проектот „Градиме мостови“ организираше театарска претстава, спортски игри и други активности со цел учениците да ја научат културната различност;<br><br>- Одбележување на 22 септември- Меѓународен ден без автомобили, со организирање на велосипедски маратон;<br><br>- Во соработка со Локалната заедница беше одбележан 2 април- Меѓунареден ден на лицата со аутизам, се реализираше активност со назив „Во светот на бајките“;<br><br>- Одбележување на 24 Мај – Денот на просветните работници;<br><br>- Локалната заедница организираше турнир за ученици со посебни потреби „Кежо“;<br><br>- Соработка со УГД за реализација на практична настава на студентите;<br><br>- Организирано предавање од доктор од Јавно здравје за учениците од IX одд. на тема „Сексуално пренесливи болести и ХИФ сида“;<br><br>- Во соработка со НУУБ „Гоце Делчев“- Штип организиран меѓуопштински литературен |

| | |
|---|---|
| | конкурс „Велигден низ моите очи“;<br><br>-Републички Совет за безбедност, МОН и Општина Штип организираа спроведување на сообраќајно-воспитна манифестација на тема „Детски семафор“;<br><br>- Универзитетот „Гоце Делчев“ организираше предавање за VIII одд. на тема „Хигиена на забите“;<br><br>- За потребите на училиштето се користи општинскиот мини бус.<br><br>Училиштето соработува со **деловната заедница** која е активен соработник на училиштето. Поддршка и помош добиваме во обезбедување на превоз при одржување на Регионални и Републички натпревари за учениците кои постигнуваат посебни резултати по одредени предмети, активно се вклучуваат во обезбедување на училиштен инвентар согласно нивните можности, при печатење на Годишна програма, фотокопирање за потребите на училиштето, обезбедување и печатење на благодарници, одбележување на посебно значајни денови за нашето училиште и др.<br><br>Поддршка и помош добивме за:<br><br>- опремување на кабинет по англиски јазик во соработка со УГД;<br><br>- по повод 3 декември- Меѓународен ден на лицата со пречки во развојот, „Кит-Го“, „Џонсон“ и невладината организација „Алдра“ донираа новогодишни пакетчиња за оваа категорија на ученици;<br><br>- стоматолошката ординација „Ортодонт“ организираше стоматолошки преглед за учениците со посебни потреби;<br><br>- Лајонс клуб- Изгрев од Штип донираше обувки за ученици од ранливата категорија и за ученици со посебни потреби;<br><br>- невладината организација „Хера“ подржана |

| | |
|---|---|
| | од УНИЦЕФ организираше трибина на тема „Превенција од малолетнички бракови и малолетничка бременост“;<br><br>- ангажиран волонтер од Мировниот Корпус во паралелката за аутизам;<br><br>-учество на литературен конкурс „Револуционерното дело на Љупчо и Тошо Арсови“ организиран од фондацијата Љупчо и Тошо Арсови;<br><br>-невладината организација „РОМА“ организираше еднодневна работилница на тема „Концептот на еднаквост и недискриминација“<br><br>-OBSE организираше јавна дебата на тема „Измени и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација“<br><br>Добиениот ваучер- донација од 120 000 денари за подобрување на условите за работа на ученици со посебни потреби, се искористени за опремување на сензорна соба за оваа категорија на ученици. |

**Индикатор за квалитет:**
**7.1 Партнерски однос со родителите и локалната и деловната заедница**

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
| --- | --- |
| Родителите имаат можност да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности;<br><br>- Училиштето има партнерски однос со сите чинители на Локално ниво;<br><br>- Институциите од локалната заедница се отворени за помош и финансиска поддршка на училиштето;<br><br>- Редовно се ажурира веб-страната на училиштето со сите потребни информации и фотографии. | Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на предавања, трибини, работилници и проектни активности во училиштето;<br><br>- Поголемо ангажирање од страна на родителите при изведување на заеднички екскурзии, одење на кино, излети;<br><br>- Поголема вклученост на родителите во отворените родителски средби;<br><br>- Недоволна соработка со Деловната заедницата;<br><br>- Мал број остварени соработки со Невладиниот сектор. |

**Резултати од SWOT анализите**

Соработката со родителите е многу важен и неминовен сегмет од сите подрачја на училишното комуницирање. Родителите се чувствуваат пријатно и добредојдено во училиштето, активно се вклучуваат во тековните настани на училиштето преку родителски средби - групни, индивидуални и отворени родителски средби.

Родителите сметаат дека училиштето и наставниците навремено ги информираат за сите новини и промени во истото, а воедно се задоволни од информирањето по електронски пат. Заинтересираноста на родителите за учество во предавања, трибини, работилници и проекти и нивно активно вклучување при реализација на истите не е на задоволително ниво. Родителите се недоволно заинтересирани за организирање на заеднички екскурзии, излети, одење на кино. Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната

работа на училиштето на сите нивоа.

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен и рекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето. Родителите имаат можност да бидат запознати со одделни делови од програмата за работа на училиштето, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето во пишана форма преку брошура и по електронски пат преку веб-страната на училиштето.

Училиштето е отворено и активно вклучено во соработка со **локалната заедница** преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето соработува со **деловната заедница** која е активен соработник на нашето училиште.

**ПРИОРИТЕТИ**

Зајакнување на партнерскиот однос училиште - родител преку поголемо ангажирање и вклучување на родителите во заедничите активности, проекти, отворени родителски средби во училиштето;

Зајакнување на соработката на училиштето со Деловната заедница и Невладиниот сектор.

## Подрачје бр.7: Управување, раководење и креирање политика

### 7.3 Развојно планирање

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
| --- | --- |
| | |

| **Индикатор за квалитет:**<br>7.3 Развојно планирање |
| --- |

| Јаки страни | Слаби страни - слабости |
| --- | --- |
| | |

**Резултати од SWOT анализите**

| **S-------- W --------- O------- T--------**<br><br>**Се истакнуваат сознанијата од анкетите и SWOT анализите (образложение)** |
| --- |
| **ПРИОРИТЕТИ** *Се земаат во предвид крајните резултати од SWOT анализите, не давајќи му предност на индикаторот што покажува највисок степен на реализација-успешност* |

## Клучни приоритети за наредните две години кои ќе станат составен дел на Годишните програми за воспитно образовната работа во учебните 2017/2018 и 2018/2019 години

| | Приоритети во учебната 2017/2018 година | | Приоритети во учебната 2018/2019 година |
|---|---|---|---|
| | **Индикатор на квалитет** | | **Индикатор на квалитет** |
| 1 | Овозможување на родителите да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми. Овозможување на учениците да влијаат врз изборот на содржини кои се реализираат во воннаставните активности | 1 | |
| 2 | Овозможување на наставниците за директно влијание во подготовката и изборот на наставните содржини кои се пропишуваат од страна на МОН и БРО. | 2 | |
| 3 | Изнаоѓање начини за вклучување на учениците при изборот на содржини во програмата за вон-наставни активности со цел да се зголеми интересот и учеството на учнците во реализација на истите. | 3 | |
| 4 | При изготвување на наставните планирања да се земаат во предвид можностите и потребите на учениците. особено можностите и потребите на учениците со посебни потреби. | 4 | |
| 5 | Овозможување на услови на непречено следење и реализација на воспитно образовниот процес за учениците со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава. | 5 | |
| 6 | Овозможување на учениците за влијание во изборот на наставните предмети, со цел да се зголеми интересот на учениците во наставата. | 6 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците да се одржуваат почести индивидуални средби со родителите и учениците. | 7 | |
| 8 | Поголемо вклучување на учениците во самооценувањето. со цел да го вреднуваат своето знаење и знаењето на своите соученици. | 8 | |
| 9 | Пронаоѓање начини и активности за поттикнување на развој на позитивни морални вредности кај учениците кај кои се забележува недолично однесување. Изнаоѓање начини за отстранување на барикадите за учениците со телесни пречки во развојот. | 9 | |
| 10. | Како приоритетна задача на која треба да обрати внимание училиштето е да се внимава на емоционалното и физичкото здравје на учениците | 10. | |
| 11. | Училиштето им обезбедува на учениците<br>јасни, точни и најнови информации за<br>можностите за понатамошно образование,<br>доусовршување или вработување. | 11. | |
| 12. | Да се мотивираат учениците од предметна настава да посетуваат додатна настава.<br><br>Да се интензивира соработката со родителите. да се збогати училишната библиотека со стручна литература и современи ДВД изданија со образовни содржини. | 12. | |
| 13. | Да се изнајдат начини за подобра комуникација со родителите на | 13. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | децата кои без некои оправдани причини подолго отсуствуваат од настава и изнаоѓање начини за редовно посетување на наставата. | | |
| 14. | Да се подобри соработката со родителите на слабите ученици. | 14. | |
| 15. | Подобрување на соработката со средните училишта во градот за полесно добиваење на информации за полесно добивање подаци за успехот на учениците при преминот од едно ниво на образование во друго. на учениците кои послабо напредуваат. | 15. | |
| 16. | Подобрување на соработката со средните училишта во градот за полесно добиваење на информации за полесно добивање подаци за успехот на учениците при преминот од едно ниво на образование во друго. на учениците кои послабо напредуваат. | 16. | |
| 17. | Зголемен број на акредитирани и неакредитирани обуки, предавања, семинари, ангажиран поголем број на наставници кои ќе учествуваат на обуки, обезбедување на нова, стручна литература што значајно ќе го подобри квалитетот на наставниот процес, примена на хоризонтално учење и размена на искуства помеѓу наставниците. | 17. | |
| 18. | Зголемена соработка на УО и Директорот со наставниот кадар и со Локалната самоуправа. | 18. | |
| 19. | Учество на наставниот кадар на различни семинари со цел подобрување на квалитетот на наставата; Поголемо учество на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | родителите во давање мислења за подобрување на подобрување на квалитетот на наставата; | | |
| 20. | Поголема ангажираност на техничкиот персонал за одржување на хигиена во училиштето; Поднесување на предлог барање од УО и Директорот за зголемување на блок дотациите наменети за нормално одвивање на наставниот процес.<br><br>Потемелно поврзување со установи кои пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците, како Центарот за социјална работа | 20. | |
| 21. | Адаптирање или изнаоѓање на простор за фискултурна сала за одделенска настава | 21. | |
| 22. | Обезбедување на поголем број помошни нагледни и наставни средства за подобрување на квалитетот на наставата.<br><br>- училишната библиотека да прерасне во медијатека со цел да се побуди интерес за читање и да се гради естетски однос кон книгата<br><br>- малите компјутери на кои работат учениците се дотраени и повеќено не се во употреба, па има потреба од набавка на нови | 22. | |
| 23. | Барање за зголемување на финансиските средства од локалната самоуправа со цел подобрување на наставниот | 23. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | процес<br><br>Барање за поголема транспарентност кон родителите и наставниот кадар во однос на распределувањето на училишниот буџет | | |
| 24. | Зајакнување на соработката со родителите во однос на искажување на нивното мислење во врска со наставните планови и програми. | 24. | |
| 25. | Зајакнување на соработката со родителите за планирање и реализирање на проекти на Советот на родители. | 25. | |
| 26. | Зголемена комуникација родител-наставник во однос на известувањето на напредокот и постигањата на учениците. | 26. | |
| 27. | Подобрување на воспитно - образовниот процес со набавка на нагледни средства за успешно реализирање на новите наставни програми по Кембриџ за математика и природни науки;<br><br>- По повод разни пригоди да се промовираат постигнатите резултати на учениците и наставниците преку доделување на награди, јавно прочитани пофалби, признанија.<br><br>- За успешно изведување на настава по ФЗО да се обезбеди простор во подрачното училиште во Ново Село.<br><br>- Подобрување на хигиената во санитарните чворови во училиштето | 27. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Да се работи на зголемување на свеста на учениците за зголемување на своите обврски и одговорности кои произлегуваат од правата. | 28. | |
| 29. | Зајакнување на партнерскиот однос училиште - родител преку поголемо ангажирање и вклучување на родителите во заедничите активности, проекти, отворени родителски средби во училиштето;<br><br>Зајакнување на соработката на училиштето со Деловната заедница и Невладиниот сектор. | 29. | |

